**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**
**Управа за извршување на санкциите**

# ПРИРАЧНИК
## ЗА УПОТРЕБА НА ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИК И ПОТРЕБИ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

**Скопје, 2011 година**

# С о д р ж и н а

Вовед.......................................................................................................................3

Инструмент за проценка на ризик и потреби..............................................................6

I. Криминални трендови.......................................................................................6

II. Ментални растројства на личноста…...........................................................19

III. Разбирање на болеста или растојството…..................................................31

IV. Одредени конфликтни однесувања…...........................................................35

V. Социјални вештини…........................................................................................39

VI. Криминална историја….....................................................................................51

VII. Соочување со фактот….....................................................................................59

VIII. Опции за третман…...........................................................................................64

IX. Подготвеност за третманот...............................................................................68

X. Подготовка за отпуст….........................................................................................72

Прашалник за самопроценка на осуденото лице........................................................83

Иницијална проценка за осудено лице со многу неповолен

(висок ризик)..................................................................................................................90

Интерпретација на можни степени на ризик и идентификување

на посебни и приоритетни потреби...........................................................................102

# Вовед

Основна цел на извршување на казната затвор е ресоцијализација на осудените лица и нивна успешна реинтеграција во општеството. За остварување на таа цел неопходна е примена на голем број на методи и техники кои се во функција на успешна ресоцијализација, како и исполнување на голем број претпоставки и услови за целосно превоспитување на осудените лица кои ќе резултира со невршење на кривични дела во иднина. Тргнувајќи од значењето кое го има процесот на ресоцијализација, Управата за извршување на санкции континуирано презема активности за воведување на современи методи и техники и обезбедување на потребните услови за успешно спроведување на овој процес.

За подобрување на процесот на ресоцијализација во казнено-поправните установи, по претходно направена анализа на состојбата во КПУ со кои се идентификуваа постоечките недостатоци, Управата за извршување на санкции изготви Стратегија за ресоцијализација и социјална адаптација на осудени лица кои издржуваат казна затвор. Стратегијата има поставено повеќе цели и со нивно доследно реализирање во временски одредените рокови, во значајна мера ќе се подобри процесот на ресоцијализација на осудените лица. Како една од назначајните цели на Стратегијата претставува воведувањето на стандаризирани оперативни процедури за постапување при прим на осудени лица во КПУ. Раководејќи се од оваа цел, изработен е инструмент за проценка на ризик на осудени лица со кој се врши глобална проценка на ризик од рецидивизам и се идентификуваат потребите на осудените лица за време на издржување на казната затвор.

За успешна имплементација на инструментот за проценка на ризик произлезе потребата од изработка на Прирачник кој ќе обезбеди правилна примена на овој инструмент. Овој Прирачник е наменет за лицата од стручните тимови во примените одделенија во установите, кои ќе ја вршат проценката на ризик на осудените лица.

Со цел откривање на ризикот и факторите кои го предизвикале осуденото лице да стори кривично дело, се изготвија унифицирани обрасци за проценка на ризик на осудени лица. При изготвувањето на овој инструмент беа користени модели за проценка на ризик од современите искуства на европските земји. Инструментот за проценка на ризикот опфаќа три обрасци:

1. Инструмент за проценка на ризик и потреби на осудени лица;
2. Прашалник за самопроценка на осуденото лица;
3. Иницијална проценка на осуденото лице со многу висок ризик за заедницата, затворскииот персонал, останатите осудени лица, други лица кои ги посетуваат затворот или за самиот себе.

1. Обазецот-инструмент за проценка на ризик и потреби на осудени лица ги опфаќа сите аспекти кои се значајни за прогноза на идниот рецидивизам. Овој инструмент содржи десет области и тоа:

- Криминални трендови;
- Ментални растројства на личноста;
- Разбирање на болеста или растројството;
- Одредени конфликтни однесувања;
- Социјални вештини;
- Криминална историја;
- Соочување со фактот;
- Опции за третман;
- Подготвеност за третманот;
- Подготовка за отпуст.

Во графикон бр.1 даден е приказ на процентулното учество на областите во целокупната проценка на ризик.

Графикон бр.1




2. Прашалникот за самопроценка на осуденото лице овозможува компаративно согледување на потребите на осуденото лице утврдени од инструментот за проценка на ризик и неговото субјективно доживување за своите потреби и проблеми.

3. Иницијалната проценка на осуденото лице со многу висок ризик за заедницата, затворскииот персонал, останатите осудени лица, други лица кои ги посетуваат затворот или за самиот себе се применува на оние осудени лица кај кои инструментот за проценка на ризик и потреби прогнозирал многу висок ризик од рецидивизам. Целта на овој образец е дополнително да се детектираат факторите кои влијаеле на неговото деструктивно однесување.

# Инструмент за проценка на ризик и потреби

# I. Криминални трендови

Областа криминални трендови се однесува на актуелното кривично дело, но содржи податоци и за претходното однесување на осуденото лице. Имено, проучувањето на актуелното кривично дело и криминалната историја на осуденото лице игра значајна улога во предвидување на можноста од рецидивизам. Од тие причини, бодирањето во овој дел е поголемо и изнесува 15 % од целокупните фактори на влијание во проценката на ризикот. Значаен показател за проценката на ризик на осуденото лице претставуваат податоците за степенот на влијание на групата врз лицето да стори кривично дело и дали кривичното дело е сторено под дејство на алкохол или дрога. Други аспекти кои укажуваат на рецидивизам и ризик од сериозна повреда во однос на недозволеното дело, а кои треба да се имаат во вид се: бројот и видот на жртвите, односот на осуденото лице со жртвите, колку пати осуденото лице сторило ист или различен вид на кривично дело, дали било користено оружје и др. Натаму, оваа област ја опфаќа поврзаноста помеѓу злоупотребата на дрога/алкохол и вршењето на кривичните дела, како и поврзаноста на бројот на кривичните дела и големата веројатност за рецидивизам.
При добивањето на информации од страна на осуденото лице, лицето кое ја врши проценката треба да поставува прашања од отворен вид и тоа на пример:

- Објасни што точно се случи? (опис на стореното кривично дело)
- Како го стори кривичното дело? (начин на кој е сторено кривичното дело)
- Објасни ги причините за вршење на кривичното дело? (мотив за вршење на кривичното дело)
- Објасни ја врската/релацијата со жртвата? (неговиот однос со оштетеното физичко лице, односно правно лице) и др.

Во следната фаза следуваат прашања од затворен вид со цел да се добијат поконкретни податоци за криминалната историја на осуденото лице, состојбата во која се наоѓало осуденото лице при сторувањето на кривичното дело и др.

- Дали претходно си бил осудуван? Ако одговорот е ДА, кога за прв пат си регистриран во казнената евиденција и за кои кривични дела претходно си бил осудуван?
- Дали свесно го стори кривичното дело или беше под дејство на дрога/алкохол? Ако одговорот е дека го сторил кривичното дело под дејство на дрога/алкохол, неопходно е да се постави прашањето дали осуденото лице повремено користи дрога/ алкохол или е зависник.
- Дали кривичното дело го стори сам или во група? Ако одговорот е дека го сторил кривичното дело во група, се поставуваат прашања кои треба да дадат одговор дали групата имала влијание на осуденото лице и која била неговата улога во групата и др.

При проценката на криминалните трендови, во инструментот за проценка на ризик се анализираат вкупно 14 индикатори, од кои 5 поволни и 9 неповолни индикатори, но има и место за некој неопределен индикатор (поволен или неповолен) кои може да произлезе од разговорот, а за кој лицето кое проценува смета дека е битен и припаѓа на оваа група индикатори.

- **Единствен престап без прекумерна употреба на сила**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ единствен престап без прекумерна употреба на сила | 0 | | |

Индикаторот “единствен престап без прекумерна употреба на сила” се однесува на актуелното кривично дело, односно делото за кое осуденото лице ја издржува казната затвор. Овој индикатор спаѓа во групата на поволни индикатори, од причина што станува збор за примарен сторител и кривичното дело е сторено без прекумерна употреба на сила.

Првичните информации за осуденото лице, лицето кое ја врши проценката ги добива од судската пресуда и разговорот со осуденото лице.
Доколку се утврди дека осуденото лице не било претходно осудувано и стореното кривично дело не содржи елементи на прекумерна сила се бодува со нула бодови.

Пример: ако осуденото лице е примарен сторител на кривично дело: измама, злоупотреба на службена должност и овластување, даночно затајување, кражба и др.

- **Суров чин со прекумерна сила**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| | | ☐ суров чин со прекумерна сила | 2 |

“Суров чин со прекумерна сила” подразбира стореното кривично дело да содржи елементи на сурово и нечовечно однесување и да е употребена прекумерна сила. Од тие причини, овој индикатор припаѓа на групата на неповолни индикатори и истиот се бодува со 2 бодови доколку:

- Осуденото лице го сторило кривичното дело со употреба на оружје. Во овој случај се мисли на огнено оружје, нож, метални шипки, тврди предмети со кои може да се нанесе тешка телесна повреда, а чија што употреба резултирала со тешки последици како на пример: убиство на свиреп начин, тешка телесна повреда итн.
- При извршување на кривичното дело иако осуденото лице не употребило оружје, но се заканувало дека ќе го употреби оружјето со цел да прибави одредена материјална или нематеријална корист од жртвата. Ова се однесува на преземени дејствија од страна на осуденото лице против волјата на жртвата, на пример: принуда, уцена, закана и др.

- **Бројни особено насилни кривични дела, особено сурови акции со прекумерна употреба на сила**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| | | ☐ бројни особено насилни кривични дела, особено сурови акции со прекумерна употреба на сила | 3 |

Овој инидакатор се однесува на осудени лица кои имаат извршено бројни кривични дела со елементи на насилство, односно осудени лица чие што поведение во повеќе наврати се манифестира во напад (физичка активност) насочена против други лица со намера да им се нанесе штета.

За соодветно и точно проценување потребно е да се обезбедат сите информации за претходното однесување на осуденото лице. Овие информации, пред се, ќе се добијат од судската пресуда, преку разговор со осуденото лице и од полициската евиденција. Овој индикатор се бодува со три бодови доколку:

- осуденото лице е претходно осудувано за повеќе кривични дела кои се слични по својата природа, и кои што содржат елементи на насилство. Акцент се става на оние кривични дела кои се пропратени со елементи на прекумерно насилство, употреба на физичка сила иако жртвата на давала никаков отпор, употреба и заплашување со оружје према жртвата и др.

На пример, во ова категорија најчесто спаѓаат оние осудени лица кои се повеќекратни сторители на семејно насилство, сексуални престапници, лица кои сториле кривични дела убиство, тешки телесни повреди, разбојништва, разбојнички кражби и др.

## • Високо специфични односи жртва-сторител

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ високо специфични односи жртва-сторител | 1 | | |

Поволниот индикатор "високо специфични односи жртва-сторител" опишува постоење на претходни релации на осуденото лице со конкретната жртва. Жртва може да биде физичко или правно лице каде што осуденото лице било вработено. Овој индикатор се бодува со еден бод доколку:

- осуденото лице и жртвата претходно се познавале и имале директни контакти што го предизвикале вршењето на кривичното дело. На пример: специфични семејни релации, партнерски врски, соседски релации, професионални релации и др.
- примарна жртва може да биде и правно лице каде што било вработено осуденото лице, како на пример: грабеж на банка каде што било вработено осуденото лице.

## • Жртви случајно избрани

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| | | ☐ жртви случајно избрани | 2 |

Случајно избраните жртви го определуваат неповолниот индикатор од оваа област бидејќи дава одредени насоки за ставовите на осуденото лице и укажува на фактот дека осуденото лице не одбира средства за да дојде до целта. Лицето кое ја врши

проценката треба во разговор со осуденото лице да ги открие мотивите за вршење на кривичното дело. Овој индикатор се бодува со два бодови доколку:

- постојат јасни докази дека жртвата е случајно избрана со цел противправно стекнување на имотна корист (најчесто провални кражби), измама, доведување во заблуда заради прибавување на материјална корист. На пример: продажба на еден стан на повеќе лица.

- **Кривично дело со висока веројатност за повторување**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| | | ☐ кривично дело со висока веројатност за повторување | 3 |

При водењето на разговорот со осуденото лице мора да се има во вид социјалната средина од каде што потекнува осуденото лице. Пред се, треба се стави акцент на работниот статус, живеалиштето, степенот на образование, аспектите кои се однесуваат на личноста на осуденото лице и др. Најважно е да се идентификуваат факторите и потребите кои го предизвикале осуденото лице да го стори кривичното дело, при што можноста да се предвиди идниот рецидивизам е голема.

Кривични дела со висока веројатност за повторување најчесто се: полов напад на дете (педофили), кражби, тешки кражби, разбојничка кражба, кривични дела со елементи на насилство и др. Идентификувањето на ваква веројтаност повлекува бодирање на овој индикатор со 3 бодови.

- **Има веројатност да се повтори криминогената ситуација**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| | | ☐ има веројатност да се повтори криминогената ситуација | 3 |

Во случај кога лицето кое ја врши проценката ќе процени дека постои општ впечаток за повторување на криминогената ситуација, односно повторување на исти или различни кривични дела, ќе го вреднува индикаторот “има веројатност да се повтори криминогената ситуација”.

Овој индикатор спаѓа во групата на неповолни индикатори и се бодува со 3 бодови со идентификување на факторите кои можат да допринесат за повторување на криминогената ситуација. Најчесто, тука спаѓаат следните фактори:

- непостоење на трајно живеалиште или престојувалиште;
- низок степен на образование;
- невработеност или немање постојана работа;
- зависност од дрога/алкохол и др.

- **Соучество и влијание на групата**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ соучество и влијание на групата | 1 | | |

При водење на разговорот со осуденото лице, лицето кое ја врши проценката треба да дојде до информации за начинот на вршење на кривичното дело, односно дали осуденото лице го извршило делото сам или во група. Ако се утврди дека осуденото лице го сторило кривичното дело во група, треба да се прибават информации за тоа дали групата имала влијание на осуденото лице да го изврши кривичното дело. При разговорот треба да се обрне внимание и на фактот дали осуденото лице било под притисок да го стори делото или пак сакало да покаже одреден степен на храброст под влијание на групата. Доколку осуденото лице е член на некоја група, тогаш е многу веројатно дека ќе биде изложено на криминогено влијание од самата група за вршење на недозволени дела.

Лицето кое ја врши проценката треба да има во вид дека не е важно дали другите членови на групата биле претходно осудувани заедно со него или биле директно инволвирани и присутни во моментот на вршење на кривичното дело, туку влијанието што го имале врз осуденото лице да го стори кривичното дело.

Во случај кога ќе се соберат горенаведените информации индикаторот соучество и влијание на групата ќе се бодува со еден бод.

- **Криминал како израз на фази во животот-промени, еден значаен судбоносен конфликт или значајна моментна ситуација**

| **ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ** | **БОД** | **НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ** | **БОД** |
|---|---|---|---|
| ☐ криминал како израз на фази во животот-промени, еден значаен судбоносен(фатален) конфликт или значајна моментна ситуација | 1 | | |

Лицето кое ја врши проценката  треба да го води разговорот со осуденото лице во насока да открие дали пред да го стори кривичното дело му претходел некој настан кој  влијаел на осуденото лице да го изврши кривичното дело. Покрај тоа, потребно е да се откријат причините и мотивите на осуденото лице да го стори кривичното дело. Овој индикатор се вреднува со еден бод и спаѓа во групата на поволни индикатори.

Овде спаѓаат кривичните дела сторени поради:

- губење на финансиска сигурност при што била загрозена основната егизтенција на осуденото лице и негово семејство;

- силна емотивна состојба при што можноста за расудување на осуденото лице била намалена:

- потреба од самодокажување и др.

- **Криминал како вкоренет начин на однесување, видлив по биографијата и потекло на асоцијалното миље со ран почеток на деликвенција**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| | | ☐ криминал како вкоренет начин на однесување, видлив по биографијата и потекло на асоцијално милје со ран почеток на деликвенција | 3 |

Овој  индикатор спаѓа во групата на неповолни индикатори и се вреднува со три бодови од причини што осуденото лице има развојно изграден криминоген модел на однесување во повеќе сфери, вршел кривични дела уште од периодот на адолесценцијата и е евидентиран во казнената евиденција.

## • Серија од кривични дела во историјата

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| | | ☐ серија од кривични дела во историјата | 2 |

Следен неповолен индикатор во оваа област е кога лицето кое ја врши проценката ќе констатира дека кај осуденото лице има серија на кривични дела во минатото, односно извршил повеќе последователни кривични дела кои не мора да се од ист вид. Овие информации може да се прибават од судската пресуда, како и од самиот разговор со осуденото лице. Овој индикатор се вреднува со 2 бодови.

## • Кривичното дело е поврзано со употреба на дрога/алкохол, но без зависност

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ кривичното дело е поврзано со употреба на дрога/алкохол, но без зависност | 1 | | |

Овој индикатор ќе се бодува со еден бод, доколку се утврди дека осуденото лице го сторило кривично дело под дејство на дрога или алкохол, а при тоа не е утврдена зависност.

- **Кривичното дело е поврзано со зависност од дрога/алкохол**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| | | ☐ кривичното дело е поврзано со зависност од дрога/алкохол | 3 |

Овој индикатор опфаќа сторители на кривични дела кои делата ги извршиле под дејство на  дрога или алкохол, а како резултат на зависност. Во оваа категорија спаѓаат и лицата што вршат кривични дела со цел да дојдат до дрога или алкохол (кривични дела поради апстиненцијални кризи).

Лицето кое ја врши проценката на ризик ќе го вреднува овој индикатор со три бода доколку:

- од податоците за осуденото лице е утврдено дека извршувањето на кривичното дело е поврзано со зависност од дрога или алкохол;
- осуденото лице изјави дека подолг период злоупотребува дрога или алкохол и др.[1]

Овој индикатор укажува на зголемена можност од рецидивизам и од тие причини се вреднува со 3 бодови.

- **Отповикување и неуспех на условната осуда**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| | | ☐ отповикување и неуспех на условна осуда | 2 |

Индикаторот “отповикување и неусплех на условната осуда” ќе се бодува со 2 бодови доколку лицето кое ја врши проценката, од податоците за осуденото лице,

[1] Види страна 24 и 25.

констатира дека има отповикана условна осуда или условно изреченатa казна не ја постигнала својата цел, односно осуденото лице сторило ново кривично дело.

## Практичен пример за областа “Криминални трендови”

Билјана е жена на возраст од 46 години и се наоѓа на издржување казна затвор во висина од 14 години за сторено кривично дело “Убиство”. Јасмина повеќе години била жртва на семејно насилство од страна на својот сопруг. Критичната вечер нејзиниот сопруг кој бил зависник од алкохол, започнал со вербална расправија која преминала во физички напад на Билјана и нивните две деца. Причина за расправијата било тоа што Билјана ги испила последните пива таа вечер, а сопругот очекувал дека во домот има алкохол за да продолжи да пие. Откако сопругот физички ја нападнал легнал да спие. Јасмина во тој момент зела секира и со 24 удари по неговото тело го лишила од живот нејзиниот сопруг.

## Начин на бодување:

Бодирањето на дадениот пример во оваа област (5 бодови) произлегува од начинот на кој Билјана го извршила кривичното дело, односно делото било извршено на суров начин со прекумерна сила. Јасмина била во специфични односи со нејзиниот сопруг кои биле нарушени подолго време и кои кулминирале критичната вечер кога таа била под дејство на алкохол. Начинот на бодување е претставен во табелата подолу.

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ единствен престап без прекумерна употреба на сила | 0 | ☒ суров чин со прекумерна сила | 2 |
| | | ☐ бројни особено насилни кривични дела, особено сурови акции со прекумерна употреба на сила | 3 |
| ☒ високо специфични односи жртва-сторител | 1 | ☐ жртви случајно избрани | 2 |
| | | ☐ кривично дело со висока веројатност за повторување | 3 |
| | | ☐ има веројатност да се повтори криминогената ситуација | 3 |
| ☐ соучество и влијание на групата | 1 | | |
| ☒ криминал како израз на фази во животот-промени, еден значаен судбоносен(фатален) конфликт или значајна моментна ситуација | 1 | ☐ криминал како вкоренет начин на однесување, видлив по биографијата и потекло на асоцијално милје со ран почеток на деликвенција | 3 |
| | | ☐ серија од кривични дела во историјата | 2 |
| ☒ кривичното дело е поврзано со употреба на дрога/алкохол, но без зависност | 1 | ☐ кривичното дело е поврзано со зависност од дрога/алкохол | 3 |
| | | ☐ отповикување и неупех на условна осуда | 2 |
| други | | други | |

**ВКУПНО_______5 бодови________**

# II. Ментални растројства на личноста

Менталните растројства се распространети во целокупната популација со одреден значаен процент. Менталните растројства имаат различна етилогија - наследни фактори, социјализација на личност, развојни кризи и други. Одредени сегменти за личноста и научениот начин на однесување во тек на развојот и социјализацијата на личноста се застапени во повеќе области од овој инструмент. Информациите за бодирање на оваа глава се добиваат од: применетите психодијагнистички средства, историската анамнеза добиена од медицински и психијатриски служби, семејството на осуденото лице, феноменолошки (појавни манифестации на осуденото лице), податоците за животниот стил на осуденото лице и од судската документација. Оваа област учествува со 15 % од целокупните фактори на влијание во проценката.

Целта на оваа глава е да се добијат информации за:

- можни краткотрајни или значајни ментални растројства во анамнезата на осуденото лице;
- нарушувања во однесувањето од периодот на детството или адолесценцијата или постоечки нарушувања во однесувањето, асоцијални карактеристики, подпросечна интелектуална способност;
- криминогени ставови;
- варијации во сексуалното однесување;
- привремена употреба или зависност од дрога, алкохол или таблети.

За оваа намена, неопходни се податоци од извршената психодијагностика на осуденото лице од страна на психологот од стручниот тим во приемното одделение со примена на инвентар на личност, проактивна техника и/или друго психодијагностичко средство.

Оваа област опфаќа дванаесет индикатори, од кои пет поволни и седум неповолни[2], и тоа:

---

[2] Во оваа област има место за некој неопределен индикатор (поволен или неповолен) кои може да произлезе од разговорот, а за кој лицето кое проценува смета дека е битен и припаѓа на оваа група индикатори.

- **Привремено краткотрајно ментално растројство, брз пад на симптомите**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ привремено краткотрајно ментално растројство,брз пад на симптомите | 1 | | |

Овој поволен индикатор се однесува на податоците за краткотрајно ментално растројство во развојот на личноста.
Доколку се утврди дека осуденото лице имал краткотрајно ментално растројство со брзо повлекување на симптомите, овој индикатор се бодува со 1 бод.

- **Психијатриски симптоми поврзани со деликвенција: делузии, халуцинации, растројства на мислењето и нарушувања на афектот**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| | | ☐ психијатриски симптоми поврзани со деликвенција како што се: делузии,халуцинации,растројства на мислењето,нарушување на афектот | 3 |

Доколку осуденото лице има психијатриски потешкотии препознаени како делузии, халуцинации, растроено размислување, растројства на афектот или други

психијатриски потешкотии поврзани со деликвенција кои што укажуваат на овој индикатор, овој сегмент ќе се бодува со 3 бодови.

Заради полесно разбирање кратко се дефинирани психијатриските симптоми и претставени се со соодветни примери.

- Делузии се погрешни верувања или интерпретации на настаните и нивното значење. На пример: осуденото лице е уапсено во тек на вршење на кражба на банка, има нереални идеи на величина и прогонување, неговото апсење го интерпретира како производ на тоа што е важна личност која ја бараат и следат.
- Халуцинации се сетилни измами при што се перцепираат дразби кои во реалноста не постојат. Халуцинациите може да бидат тактилни, визуелни и аудиторни. На пример: осуденото лице слуша гласови во својата глава кои реално не постојат (аудиторни халуцинации) или гледа ликови, личности кои во реалната ситуација не се присутни (визуелни халуцинации) или перцепира дека некое лице го допира при што допирот во реалноста не постои (тактилни халуцинации).
- Мислење е ментален процес што ни овозможува моделирање на светот и луѓето и рационално управување во однос на нивните цели, планови, желби и намери. Растројствата на мислењето се присутни кај различни ментални пореметувања и се карактеризираат со конфузија на мислите, дезорганизирано мислење, недостаток на способност за рационално евалуирање на опкружувањето и интеракциите со другите. На пример: осуденото лице е долгогодишен зависник од наркотици и како последица на тоа, стекнал психичко растројство. Во текот на разговорот, осуденото лице зборува неповрзано, размислува нерационално (дава несоодветни образложенија во толкувањето на дадената ситуација), спомнува ликови, личности или предмети кои што не се поврзани со истата.
- Растројствата на афектот се карактеризираат со нагли промени на расположението, може да опфаќаат манични и/или депресивни епизоди при што можни се некои од следните симптоми: еуфорично иритирачко расположение пратено со хиперактивност, опаѓање на самодовербата и

безволност, губење на интерес, губење на енергија, чувство на безвредност и кривица. На пример: осуденото лице може да има нагли промени во расположението кои се последица на душевна болест за што зема секојдневно медикаментна терпија. Овие промени може да се придружени со други психијатриски или физички симптоми.

Праксата покажува дека психијатриските симптоми се причина за вршење на кривични дела со елементи на насилство, елементи на бизарност, суровост, погрешно интерпретирање на реалноста, а притоа со присутна пресметливост или непресметливост на осуденото лице. Идентификувањето на овој неповолен индикатор укажува на потреба од дополнителна проценка и третман.

- **Ментално растројство незабележливо во развојот на личноста**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ ментално растројство незабележливо во развојот на личноста | 0 | | |

Овој поволен индикатор се однесува на податоците за ментални потешкотии кои не се дијагностицирани како ментално растројство, но може да укажуваат на ментално растројство во латентна форма со веројатност за манифестирање во следниот период во развојот на личноста. Идентификувањето на овој индикатор укажува на можна потреба од дополнителна проценка и третман, доколку во тек на престојот на приемното одделение осуденото лице има психички потешкотии.
Доколку се утврди дека осуденото лице имал краткотрајно ментално растројство со брзо повлекување на симптомите,овој индикатор се бодува со 0 бодови.

- **Нарушувања во однесувањето од детството или адолесценцијата,постоечки нарушувања во однесувањето, асоцијални карактеристики, нестабилност, подпросечна интелектуална способност**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| | | ☐нарушувања во однесувањето од детството или адолесценцијата, постоечки нарушувања во однесувањето, асоцијални карактеристики, нестабилност, подпросечна интелектуална способност (референци:висока,ниска толеранција на фрустрација, агресија,ниско самопочитување, импулсивност) | 3 |

Овој неповолен индикатор се однесува на нарушувања во однесувањето - постоечки нарушувања или нарушувања од детството и адолесценцијата и придружни карактеристики како што се: асоцијални карактеристики, нестабилност, подпросечна интелектуална способност. Деликвенцијата како социопатолошка појава се карактеризира со изразување на антисоцијално однесување, различни облици на девијантно и неконформистичко однесување спротивно на моралните, прекршочните и кривично-правните норми и претставува збир на човечки однесувања со кои се загрозуваат основните општествени норми и вредности. Девијантната личност има одредени специфични психосоцијални и психопатолошки својства од кои важни се: агресивност, емоционална незрелост, низок праг на толеранција на фрустрација, импулсивност, ниска самопочит. Наведените карактеристики се еден од факторите за вршење на кривични дела.

Присуството на една или повеќе карактеристики од овој индикатор кај осуденото лице се бодува со 3 бодови.

- **Криминогени погледи и ставови**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| | | ☐ криминогени погледи и ставови | 3 |

Овој неповолен индикатор се однесува на вредности и ставови кои што се одржлив фактор на криминогениот модел на однесување кај осуденото лице. Идентификувањето на криминогени погледи и ставови кај осуденото лице се бодува со 3 бодови. Овој индикатор укажува на потреба од дополнителна проценка и третман.

- **Хронични варијации на сексуалното однесување**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| | | ☐ хронични варијации на сексуалното однесување | 3 |

Овој неповолен индикатор се однесува на долготрајни девијантни варијации во задоволувањето на сексуалниот нагон потврдени со историска дијагноза. Девијантните начини на задоволување на сексуалниот нагон опфаќаат широк спектар на девијантни активности кои отстапуваат од здраво задоволување на сексуалниот нагон и може да бидат насочен кон ист или различен пол. Присуството на овој индикатор се бодува со 3 бодови и негово идентификување укажува на потреба од дополнителна проценка и третман.

- **Привремено влијание на алкохол, droги и таблети без зависност**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ привремено влијание на алкохол, дроги и таблети без зависност | 1 | | |

Овој индикатор е одреден како поволен и се однесува на повремена употреба на алкохол или други психоактивни супстанции со отсуство на зависност.

Идентификување на овој индикатор, се бодува со 1 бод. Исто така, идентификување на овој индикатор укажува на потреба од дополнителна проценка и третман заради потенцијалниот ризик за зависност од психоактивни супстанции.

- **Висок потенцијал за криминогено однесување како последица на зависност (алкохол,дроги и таблети)**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| | | ☐ висок потенцијал за криминогено однесување како последица на зависност (алкохол, дроги и таблети) | 3 |

Овој индикатор е одреден како неповолен во инструментот заради тоа што зависноста од дроги, алкохол и таблети и придружните симптоми на зависноста се одржлив фактор на криминогеното однесување на осуденото лице.

Зависноста од алкохол или други психоактивни супстанции (хероин, кокаин, марихуана, таблети и други супстанции) генерално се карактеризира со

маладаптивен образец на употреба на алкохол или други психоактивни супстанции (хероин, кокаин, марихуана, таблети и други супстанции) во тек на временски период од 1 година при што се присутни три или повеќе од следните симптоми:

- толеранција: се зголемува количината на земената супстанција за да се постигне ефектот на задоволство што претходно се постигнувал со помала доза;
- повлекување придружено со следните симптоми: потење, забрзан пулс, зголемен тремор на рацете, инсомниа, мачнина и повраќање, физичка агитација, анксиозност, визуелни, тактилни или аудиторни халуцинации, гранд мал напади;
- истата супстанција (алкохол или дрога) се зема да го намали или избегне повлекувањето;
- супстанцијата се зема во долг временски период и во големи количини;
- неуспешни обиди за контрола на земањето на супстанцијата;
- редуцирани социјални, професионални и слободни активности или повлекување од истите заради злоупотребата на супстанцијата.

Идентификување на три или повеќе од наведените симптоми во временски период од 1 година, се бодува со 3 бодови. Исто така, идентификување на овој индикатор укажува на потреба од дополнителна проценка и третман.

- **Незабележлива тест психологија(нормален профил)**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ незабележлива тест психологија(нормален профил) | 0 | | |

Податоците од примената на психодијагностичко средство со добиен нормален профил (без отстапување) укажуваат на овој поволен индикатор и се бодуваат со 0 бодови.

- **Абнормална тест психологија**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| | | ☐ абнормална тест психологија | 3 |

Податоците од примената на психодијагностичко средство со добиен профил со отстапување укажуваат на овој неповолен индикатор и се бодуваат со 3 бода. Идентификување на овој индикатор укажува на потреба од дополнителна проценка и третман.

- **Тест психологија – постојана еволуција кон нормализација**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ тест психологија – постојана еволуција кон нормализација | 1 | | |

Овој индикатор се однесува на осудено лице со претходно утврдено отстапување на добиениот профил во дијагностицирањето на личноста. Податоците од примена на психодијагностичко средство во тек на престојот во приемното одделение укажуваат на добиен профил со тенденција кон нормализација. Овој поволен

индикатор се бодува со 1 бод и укажува на потреба од дополнително следење на личноста на осуденото лице, дополнителна проценка и третман.

- **Тест психологија – нема тенденција кон позитивен развој на настаните**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| | | ☐ тест психологија – нема тенденција кон позитивен развој на настаните | 2 |

Овој индикатор се однесува на осудено лице со претходно утврдено отстапување на добиениот профил во дијагностицирањето на личноста. Податоците од примена на психодијагностичко средство во тек на престојот во приемното одделение укажуваат на добиен профил со отсуство на тенденција кон нормализација. Овој неповолен индикатор се бодува со 2 бодови и укажува на потреба од дополнително следење на личноста на осуденото лице, дополнителна проценка и третман.

**Практичен пример за областа “Ментални растројства на личноста”**

Марко е осудено лице што издржува казна затвор за кривично дело “Полов напад врз дете” во траење од 4 години и 6 месеци. Од примената на психодијагностички средства може да се види дека добиениот профил е со отстапување и укажува на потешкотии во сексуалната сфера. Марко негира варијации на сексуалното однесување во неговиот живот, но во тек на разговорите, психологот открива индикации за девијантни тенденции со присуство на егзибиционизам во задоволувањето на сексуалниот нагон и дијагноза дека се одржуваат и во овој период, иако истовремено осуденото лице ги негира. Од овие причини индикаторот за хронични варијации во сексуалното однесување не е оценет, но девијантното

отстапување може да се види во тест ситуацијата со добиениот профил. Се очекува Марко во тек на издржувањето на казната да манифестира примерно поведение и да се истакнува во вршењето на работните задачи, но доколку не биде вклучен во специфична програма за сторители на сексуални деликти, голема е веројатноста по отпуштањето да го повтори кривичното дело.

**Начин на бодување:**

Оценувањето на оваа глава со пет бодови во проценувањето на осуденото лице Марко опфаќа релативно мал процент од целокупната проценка и оценка на сите фактори, но квалитативното значење на оценетите индикатори во оваа глава е многу важно заради тоа што се додека кај Марко не се постигне прифаќање на сопственото дисфункционалното однесување, секоја третманска активност и постигнувањето на конкретна третманска цел (со исклучок на редовните програми-погодности, работа и слободни активности) ќе биде само формална и нема да води кон постигнување на конкретно поставените третмански цели. Начинот на бодирање е претставен во табелата подолу.

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ привремено краткотрајно ментално растројство, брз пад на симптомите | 1 | ☐ психијатриски симптоми поврзани со деликвенција како што се: лични заблуди, растроено размислување, нарушување на афектот | 3 |
| ☐ ментално растројство незабележливо во развојот на личноста | 0 | ☐ нарушувања уште од детството или адолесценцијата, потоечки нарушувања во однесувањето, асоцијални карактеристики, нестабилност, подпросечна интелектуална способност (референци: висока, ниска толеранција на фрустрација, агресија, ниско самопочитување, импулсивност, инстант апсење) | 3 |
| | | ☐ криминогени погледи и ставови | 3 |
| | | ☐ хронични варијации на сексуално однесување | 3 |
| ☐ привремено влијание на алкохол, дрога или таблети без зависност | 1 | ☐ висок потенцијал за криминално однесување како последица на зависност (алкохол, дрога или таблети) | 3 |
| ☐ незабележлива тест психологија (нормален профил) | 0 | ☒ абнормална тест психологија | 3 |
| ☐ тест психологија – постојана еволуција кон нормализација | 1 | ☒ тест психологија – нема тенденција кон позитивен развој на настаните | 2 |
| други | | други | |

**ВКУПНО_______5 бодови_________**

# III. Разбирање на болеста или растројството

Оваа област го опфаќа разбирањето на болеста или растројството од страна на осуденото лице и учествува со 5 % од целокупната оценка во индивидуалната проценка. Разбирањето на болеста или растројството е важен дел во сликата за себе на осуденото лице, реалното прифаќање на себе, другите и светот и секако е многу важен дел во имплементацијата на индивидуално планираниот третман заради тоа што постигнувањето на конкретните цели зависи од ставот на осуденото лице кон растројството или девијантниот чин. Лицето кое ја врши проценката може да оцени дали искажаниот став е формално изразен или е одраз на вистинско прифаќање на растројството или девијантниот чин. Почетните и минималните промени може да почнат со самокритичност, погледнување кон себе и сопствените грешки и прифаќање на истите како дел од сопственото однесување. Третман што се базира на минимизирање на сопственото однесување или само формално прифаќање на направеното заради стекнување со третмански придобивки е неуспешен од почетокот на спроведување на планираните третмански влијанија. Иако оваа област од инструментот квантитативно се бодува со мал број на бодови, индикаторите од истата се акцентираат како многу значајна квалитативна карактеристика во планирањето на третманот и очекуваните резултати.

Податоците за оценување на индикаторите во оваа област се добиваат од разговорот со осуденото лице и друга документација.

Целта на оваа област е да се добијат информации за манифестираниот став на осуденото лице во врска со растројството или девијацијата.

Оваа глава опфаќа четири индикатори, два поволни и два неповолни индикатори, но има и место за некој неопределен индикатор (поволен или неповолен) кои може да произлезе од разговорот, а за кој лицето кое проценува смета дека е битен и припаѓа на оваа група индикатори.

- **Го прифаќа растројството или отстапувањето во неговото однесување**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ го прифаќа растројството или отстапувањето во неговото однесување | 0 | | |

Овој индикатор е поволен и укажува дека осуденото лице го прифаќа растројството или отстапувањето во неговото однесување. Растројството или отстапувањето во однесувањето може да се манифестира во начинот на вршење на кривичното дело, социјалните релации или во друга животна сфера. Прифаќањето на растројството или отстапуваењето во неговото однесување се бодува со 0 бодови.

- **Негира дека е душевно растроен или го негира девијантниот чин**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| | | ☐ негира дека е душевно растроен или го негира девијантнииот чин | 2 |

Овој индикатор укажува дека осуденото лице не го прифаќа менталното растројство или отстапувањето во неговото однесување. Идентификувањето на овој неповолен индикатор се оценува со 2 бодови.

- **Отворен**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ отворен | 1 | | |

Овој индикатор се однесува на отвореноста на осуденото лице за прифаќање на сопствените грешки и отвореност за промена на сопствените дисфункционални обрасци на однесување. Доколку во разговорот со осуденото лице во текот на престојот во приемното одделение, лицето кое ја врши проценка забележи отвореност за прифаќање на сопствените грешки и отвореност за промена на сопствените дисфункционални обрасци на однесување видлива во вербалната и невербалната експресија наспроти формалното вербално изразување на себеси и сопственото однесување, овој индикатор се бодува со 1 бод.

- **Се обидува да измами или минимизира**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| | | ☐ се обидува да измами и минимизира | 3 |

Овој индикатор укажува дека осуденото лице не е отворено за прифаќање на сопствените грешки и не е подготвено за промена на сопствените дисфункционални обрасци на поведение. Идентификувањето на овој неповолен индикатор се оценува со 3 бодови.

**Практичен пример за областа “Разбирање на болеста или расторјството”**

Благојче е отворен во опширното опишување на употребата на психоактивни супстанции, но впечаток е дека наведеното го прави заради сопствена самоактуализација. Во социјалните ситуации и активности со своите врсници (криминогена група) добил позитивно условување за наведените активности. Не е подготвен за лична работа - да открие и постигне свесност за причината на користењето на психоактивните супстанции и за изборот на референтната група на врсници. Заради наведеното, индикаторот отворен не се оценува - Благојче не е отворен за промена и за соработка. Има тенденција кон манипулативност и се обидува да измами доколку оцени дека на тој начин би се стекнал со позитивните третмански придобивки. Со тоа што отворено и вербално флуентно зборува за сопствениот имиџ и стил на однесување, оценувачот користејќи го своето искуство нема да го оцени како отворен, туку како манипулативен.

**Начин на бодување**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ го прифаќа растројството или отстапувањето во неговото однесување | 0 | ☐ негира дека е душевно растроен или го негира девијантнииот чин | 2 |
| ☐ отворен | 1 | ☒ се обидува да измами и минимизира | 3 |
| други | | други | |

**ВКУПНО___ ___3 бодови________**

Оценувањето на оваа глава со три бода опфаќа релативно мал процент од целокупната проценка и оценка на сите фактори, но квалитативното значење на оценетиот индикатор во оваа глава е многу важно заради тоа што се додека кај

Благојче не се постигне прифаќање на сопственото дисфункционалното однесување, секоја третманска активност и постигнувањето на конкретна третманска цел (со исклучок на редовните програми-погодности, работа и слободни активности) е однапред осудена на неуспех.

# IV. Одредени конфликтни однесувања

Оваа област се однесува на конфликтното однесување на осуденото лице, како и начинот на кој тоа се однесува при конфликтни ситуации. Конфликтот се дефинира како ситуација во која двете страни имаат меѓусебно неусогласени цели. Конфликтите не се исто што и агресијата (насилството). Конфликтите добиваат знаци на деструктивност кога на спротивставените ставови ќе им се приклучат и обидите на двете страни меѓусебно да го контролираат однесувањето на другиот со взаемни активности пропратени со негативни емоции.

Областа "одредени конфликтни однесувања" учествува со 10 % од целокупните фактори на влијание во проценката на ризикот, што само по себе говори дека истата не е за занемарување и секако треба да се посвети внимание на информациите што ќе ги добиеме за овие индикатори.

Изворот на информациите за овие индикатори ќе ни биде разговорот со осуденото лице, судската документација, како и други документи кои ќе укажуваат на податоците потребни за валидно дефинирање на индикаторите.

Целта на оваа област е да се добијат информации за:

- Самиот чин на вршење на кривичното дело, поточно дали истото е резултатат на специфична конфликтна ситуација (каде, кога, како);
- Дали осуденото лице при слична конфликтна ситуација би реагирало со стереотипен начин на однесување;
- Дали кај осуденото лице има висок или низок праг на толеранција на фрустрација (имплусивност) за надминување на одредени конфликти;

- Други недефинирани показатели од областа на конфликтното однесување кои по уверување на лицето што проценува би имале одредено влијание врз самата проценка на ризик од рецедевизам.

Оваа област ја сочинуваат вкупно четири определени индикатори и тоа: два поволни и два неповолни[3].

- **Чинот е произлезен од специфична конфликтна ситуација**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ чинот е произлезеn од специфична конфликтна ситуација | 1 | | |

Овој дел од инструментот започнува со поволниот индикатор кој се однесува на ситуацијата што го предизвикало вршењето на актуелното кривично дело, што значи, самиот чин на вршење на кривично дело е резултат на една специфична конфликтна ситуација. Со оглед на тоа што нема можност да се презентираат сите можни конфликтни ситуации, за појаснување ќе наведеме неколку примери на специфични конфликтни ситуаци:

Осуденото лице се наоѓало во силна емотивна состојба која значително влијаела во на вршењето на кривичното дело. Силната емотивната состојба може да биде резултат на различни односи (семејни,имотни,професионални,пријателски итн)

Во вакви и слични ситуациии лицето кое ја врши проценката ќе определи еден бод во овој дел на инструментот.

[3] но има и место за некој неопределен индикатор (поволен или неповолен) кои може да проилезе од разговорот, а за кој лицето што проценува ќе смета дека е битен и припаѓа на оваа група индикатори.

- **Осуденото лице повторно во слични ситуации на конфликт реагира на стереотипен начин со однесување**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| | | ☐ осуденото лице повторно во слични ситуации на конфликт реагира на стереотипен начин со однесување | 3 |

Паралелно на поволниот индикатор во инструментот е сместен неповолниот индикатор “осуденото лице повторно во слични ситуации на конфликт реагира на стереотипен начин со однесување”. Овие индикатори меѓусебно не се исклучуваат директно, но има висок процент на веројатност дека позитивниот одговор на поволниот индикатор ќе го исклучи неповолниот и обратно. Доколку кај осуденото лице констатираме дека во слични конфликтни ситуации реагира на стереотипен начин во однесувањето ќе го бодуваме со 3 бодови.

- **Има потенцијал (висок праг на толеранција на фрустрација) за надминување на други конфликти**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ има потенцијал (висок праг на толеранција на фрустрација) за надминување на други конфликти | 0 | | |

Следен поволниот индикатор е “има потенцијал (висок праг на толеранција на фрустрација) за надминување на други конфликти” кој се однесува на тоа дали осуденото лице има висок праг на толеранција на фрустрација, што само по себе укажува дека секој кој има висок праг на толеранција во евентуални конфликтни

ситуации би бил воздржан од несоодветна реакција и секако помалку ризичен. При констатација на висок праг на толеранција на фрустрација ќе се бодува со 0 бодови.

- **Низок праг на толеранција на фрустрација, импулсивност**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| | | ☐ низок праг на толеранција на фрустрација, импулсивност | 3 |

Следниот неповолен индикатор е нискиот праг на толеранција на фрустрација. Нискиот праг на толеранција во пракса значи имплусивна реакција при фрустрација, а со тоа и поголем ризик од рецидивизам. Констатираниот низок праг на толеранција се вреднува со три бодови.

**Практичен пример за областа "Одредени конфликтни однесувања"**

Митко е повратник (во минатото издржувал казна затвор поради сторени кривични дела "Телесна повреда") кој во моментот издржува казна затвор во висина од 1 година за сторено кривично дело "Тешка телесна повреда". Во вечерните часови додека Митко гледал фудбалски натпревар на телевизија, неговиот сосед од зградата славел роденден. За време на прославата соседот бил премногу гласен така да Митко отишол да ги опомене за да ја намалат вревата. Соседот му рекол дека има право да слави, во своја куќа има право да прави што сака и дека еден ден во годината му е роденден. Во вербалната расправија дошло до туркање при што Митко го удира во пределот на лицето и му нанесува тешка телесна повреда.

**Начин на бодување**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ чинот е произлезем од специфична конфликтна ситуација | 1 | ☒ осуденото лице повторно во слични ситуации на конфликт реагира на стереотипен начин со однесување | 3 |
| ☐ има потенцијал (висок праг на толеранција на фрустрација) за надминување на други конфликти | 0 | ☒ низок праг на толеранција на фрустрација, импулсивност | 3 |
| други | | други | |

ВКУПНО ______**6 бодови**________

Бодувањето на овој пример е резултат на причината што осудениот е повратник за слични кривични дела и може да констатираме дека кај осуденото лице има стекнат начин на реагирање при конфликтни ситуации и има низок праг на толеранција, што значи дека осудениот Митко во оваа област ќе се бодува со максимални 6 бодови.

# V. Социјални вештини

Социјалните вештини како динамички фактори (на кои може да се влијае и да се менуваат) во однос на проценката на ризикот се од исклучителна важност и овој дел опфаќа 15 % од целокупните фактори на влијание во проценката на ризикот. Проблемите во социјалните односи се резултат на недостиг на социјални вештини кои не се стекнати и најчесто може да резултираат со криминално однесување. Социјалните динамични фактори во голема мера може да го предвидат повторувањето на кривичните дела.

Овој дел се однесува на аспектите поврзани со актуелниот животен стил на осуденото лице поради кој постои ризик од рецидивизам.

Постои поврзаност помеѓу веројатноста од рецидивизам и животниот стил, односно како осуденото лице го поминува свето слободно време, со кого се дружи, итн. Оние лица кои поминуваат време со други осудени лица е поверојатно дека ќе бидат повторно сторители на кривични дела. Од друга страна, дружењето со лица кои не се сторители на недозволени дела или се посветени на активности кои не се поврзани со сторување на недозволени дела може да делуваат како заштитни фактори од сторување на такви дела.

Поради динамичниот, односно променливиот карактер на овие индикатори неопходно е да се посвети исклучително внимание при пополнувањето на овој дел од инструментот, со правилен однос и добар приод можно е да се детектираат и одредени потреби на осуденото лице кои ке треба да бидат предмет на третирање за време на издржувањето на казната.

Целта на оваа област од инструментот е да се добијат информации за:

- Дали осуденото лице имало во минатото добри или значително нарушени социјални перфоманси во сите области (стабилна работа, односи во средината итн);
- Дали осуденото лице било заинтересирано и вклучено во широк спектар на активности, структуирани слободни активности;
- Осуденото лице дали има искривена перцепција на социјалната реалност, нереални очекувања;
- Дали е генерално е задоволен од животот;
- Неспособноста за прилагодување на промени (променливи состојби);
- Генерална емпатија и толеранција;
- Дали поседува добри или оштетени комуникациски вештини;
- Дали осуденото лице има непроменето семејство и партнерство или истото трпело социјално распаѓање;
- Дали осуденото лице имало или немало стабилни пријателства;
- Дали осуденото лице има низок степен на издржливост;

- Дали осуденото лице го прифатило кримогениот начин на живеење.

Оваа област ја сочинуваат вкупно четиринаесет определени индикатори и тоа шест поволни и осум неповолни, но има и место за некој неопределен индикатор (поволен или неповолен) кој може да призлезе од разговорот а за кој лицето кое е врши проценката ќе смета дека е важен и припаѓа на оваа група индикатори.

- **Добри социјални перфоманси во сите области (стабилна работа, добри односи со семејтвото, средината и др.)**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ добри социјални перфоманси во сите области (стабилна работа, добри односи со семејството, среднината и др) | 0 | | |

Групата индикатори од областа социјални вештини започнува со поволниот индикатор "добри социјални перфоманси во сите области" и доколку добиеме информација дека осуденото лице има постојана работа, добри односи во семејството, средината, ќе констатираме дека кај истиот отсуствaат проблеми во социјалните односи и ќе го бодуваме со 0 бодови.

- **Значајни оштетувања во професионални и социјални перфоманси**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| | | ☐ значајни оштетувања во професионални и социјални перфоманси | 3 |

Овој неповолен индикатор се однесува на значајни оштетувања во професионалните и социјалните перфоманси кај осуденото лице (немање на професионални вештини, нарушени семејни односи, неспособност за препознавање и решавање на проблеми и др.). Овде треба да разликуваме дека самата невработеност не мора да повлече и инкриминирано однесување. Во случај кога има јасни докази дека невработеноста создала можност за правење недозволени дела (немањето на работа која го исполнува осуденото лице е причина истото да стори кривично дело за обезбедување на основни финансиски потреби) бодуваме со три бодови.

- **Заинтересиран и вклучен во широк спектар на активности**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ заинтересиран и вклучен во широк спектар на активности, (структурирани слободни активности) | 0 | | |

Следниот поволем индикатор се однесува на тоа дали осуденото лице е заинтересирано и вклучено во широк спектар на активности (структуирани слободни активности). Со други зборови, истиот треба да има изграден животен стил кој не е компатибилен со правењето на недозволени дела и на него треба да се гледа како на заштитен фактор од аспект на намалување на ризикот од правење на недозволени дела.

Присуството на ваква заинтересираност или вклученост на осуденото лице во различни активности, организации и други слободни активности се вреднува со 0 бодови.

- **Искривена перцепција на социјална реалност, нереални очекувања**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| | | ☐ искривена перцепција на социјална реалност, нереални очекувања | 3 |

Нереалните очекувања и искривената перцепција на социјалната реалност го определуваат следниот неповолен индикатор. Овој индикатор се однесува на тоа како осуденото лице ја доживува социјалната средина и какви очекувања има. На пример: осуденото лице очекува да изгради подобри односи или подобра социјална положба со сторувањето на недозволеното дело. Доколку осуденото лице поседува искривени вредности, ставови и нереални очекувања бодуваме со три бодови.

- **Генерално е задоволен од животот**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ генерално е задоволен од животот | 1 | | |

Кога осуденото лице е генерално задоволен од досегашниот тек на неговиот живот во рамките на неговите очекувања, бодуваме со еден бод.

- **Неможност да се прилагоди на промени**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| | | ☐ неможност да се прилагоди на промени (променливи состојби) | 2 |

Овој индикатор определен како неповолен ја определува состојбата кога лицето не може од различни причини да се прилагодува на промени. Промените можат да бидат од различна природа како на пример: социјална изолација, губење на работа, распаѓање на брак и др. Доколку осуденото лице не поседува способност за прилагодување при вакви промени бодуваме со 2 бодови.

- **Емпатија и толеранција**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ емпатија и толеранција | 1 | | |

Емпатијата и толеранцијата во рамките на овој индикатор подразбора сочуствување и толерирање на настани состојби и др. Присуството на емпатијата и толеранцијата како дел од социјалните вештини претставува заштитен фактор од вршење на недозволени дела.

Во случај кога кај осуденото лице има присуство на емпатија и толеранција, лицето кое ја врши проценката ќе бодува со еден бод.

- **Оштетени комуникациски вештини**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| | | ☐ оштетени комуникациски вештини | 2 |

Оштетените комуникациски вештини директно допринесуваат до намалување на социјалните вештини и во крајна линија ја исклучуваа можноста истите да се научат до ниво кое е неопходно за успешна социјална интеграција на поединецот во општеството.

Овој индикатор е неповолен и ќе се бодува со 2 бодови доколку осуденото лице поради слабите комуникациски вештини не е прифатено во средината, не може да најде работа, не може задржи пријатели и др.

- **Непроменето семејство и партнерство**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ непроменето семејство и партнерство | 0 | | |

Во оваа област спаѓа поволниот индикатор преточен во информацијата дали осуденото лице имало непроменето семејство или партнерство. Односот на осуденото лице спрема семејството, односно партнерството е од голема важност за одржувањето на добри семејни и партнерски односи. Непроменетото семејство може да биде силен заштитен фактор кое може да резултира со воздржување од вршење на недозволиви дела. Присуството кај осуденото лице на стабилно семејство и партнерство се бодува со 0 бодови.

- **Социјално распаѓање на партнерство, семејство, пријатели итн.**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| | | ☐ социјално распаѓање на партнерство, семејство, пријатели итн. | 2 |

Спротивно на претходниот индикатор е “социјално распаѓање на партнерството, семејството или пријателствата”. Во случај на чести нарушувања во семејните, партнерските, пријателските односи, кај осуденото лице можат да стимулираат вршење на кривични дела. Кога кај осуденото лице ќе се констатира оваа ситуација се бодува со 2 бодови.

- **Стабилни пријателства**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ стабилни пријателства | 0 | | |

Постоењето на стабилни пријателства во овој инструмент се определуваат како поволен индикатор. Овој индикатор е определен како поволен од причина што ги опфаќа лицата кои имаат социјални вештини да градат стабилни пријателства кои најчесто можат да бидат бариера за вршење на недозволени дела. Кога кај осуденото лице ќе се констатира присуство на стабилни пријателства се бодува со 0 бодови.

- **Досега нема стабилни партнерства**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| | | ☐ досега нема стабилни партнерства | 1 - 2 |

Отсуството на стабилни партнерства припаѓа на групата неповолни индикатори и ја покрива ситуацијата кога осудениот немал стабилни партнерства во минатото.

Кога кај осуденото лице ќе констатираме отсуство на социјални вештини за градење на стабилни партнерства ќе бодуваме со 2 бодови.

Во случај кога кај осуденото лице постоеле обиди за воспоставување на партнерства кои не преминале во стабилни поради немањето на социјални вештини за одржување на воспоставените партнерствата, ќе бодуваме со 1 бод.

- **Низок степен на издржливост**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| | | ☐ низок степен на издржливост | 2 |

Во оваа област следува неповолниот индикатор “низок степен на издржливост” и истиот подразбира ситуации кои биле причини за извршување на кривичното дело (кога постојат елементи на лутина, слаба емотивна контрола, љубомора и др.). Нискиот степен на издржливост се вреднува со 2 бодови.

- **Криминоген начин на живот, вршење на кривични дела**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| | | ☐ криминоген начин на живот, вршење на кривични дела | 3 |

Кримогениот начин на живеење подразбира континуирано вршење на кривични дела и го покрива последниот неповолен индикатор од оваа област.

Во ситуација кога ќе забележат дека слабите социјални вештини допринеле кај осуденото лице да се вкорени кримогениот начин на живот и истиот го прифаќа како животен стил на однесување ќе бодуваме со 3 бодови.

**Практичен пример за областа "Социјални вештини"**

Миле е осудено лице на возраст од 29 години кој е на издржување казна затвор во висина од 7 години за сторено кривично дело "Разбојништво". Миле потекнува од родители кои се разведени на негова 12 годишна возраст, истиот пораснал кај родителите на неговата мајка и тоа во друг град. Од 19 години го напушта домот на неговите старатели и се вработил во перална на автомобили. Од тој период до дене сменил 3 работни места, а ни на едно не се задржал повеќе од една година. Најчесто причина за напуштање на работа му биле конфликтите со работодавците. Немал постојана девојка бидејќи немало таква убавица за него. Спортот и уметноста воопшто не го интересираат, а сон му било да ја напушти државата и да отвори свој бизнис во областа на игрите на среќа во странство, па поради истата причина го прави кривичното дело и тоа со двајца другари од рана возраст.

**Начин на бодување**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ добри социјални перфоманси во сите области, стабилна работа | 0 | ☒ значајни оштетувања во професионални и социјални перфоманси | 3 |
| ☐ заинтересиран и вклучен во широк спектар на активности, структурирани слободни активности | 0 | ☒ искривена перцепција на социјална реалност, нереални очекувања | 3 |
| ☐ генерално е задоволен од животот | 1 | ☒ неможност да се прилагоди на промени (променливи состојби) | 2 |
| ☐ емпатија и толеранција | 1 | ☒ оштетени комуникациски вештини | 2 |
| ☐ непроменето семејство и партнерство | 0 | ☒ социјално распаѓање на партнерство, семејство, пријатели итн. | 2 |
| ☒ стабилни пријателства | 0 | ☐ досега нема стабилни партнерства | 1 - 2 |
| | | ☐ низок степен на издржливост | 2 |
| | | ☐ криминоген начин на живот, вршење на кривични дела | 3 |
| други | | други | |

**ВКУПНО_________12 бодови_________**

При бодувањето на оваа област започнуваме со податокот дека осудениот имал  нестабилната работа и чести промени на работата и повремените периоди без работа, па поради тоа му се определуваат три бодови на првиот неповолен индикатор. Поради ставот дека нема девојка за него и нереалните плановите за во странство, но и дека со сторувањето на кривичното дело ќе ги реши проблемите на осудениот му се доделуваат за нереални очекувања повторно три бодови. Неспособноста да се прилагоди на работните места и на нови познанства на осудениот во следниот неповолен индикатор му носи 2 бода. Комуникацијата со работодавците во следниот неповолен индикатор му ги носат новите 2 бодови, честите промени на девојки а и напуштањето на својот дом во следниот неповолен индикатор му ги носат новите 2 бодови. Единствен поволен индикатор кај овој случај е релативното стабилно пријателство со неговите другари кое се бодира со 0 бодови. На осудениот ова му е прво кривично дело, па поради тоа се исклучува последниот неповолен индикатор.

# VI. Криминална историја

Оваа област се однесува на криминалната историја на осуденото лице која ја согледуваме преку целокупниот преглед на информации од судската документација кои се однесуваат на бројот и видот на кривичните дела. Лицето кое ја врши проценката ги надополнува сознанијата преку разговор со осуденото лице со цел да се приберат информации за неговите ставови, однесување и размислување. За осуденото лице кои претходно издржувале казна затвор ќе се побараат податоци за неговото поведение за време на издржување на казната затвор, неговиот интерес и соработка за време на третманот што се спроведувал во установата и изречените дисциплински мерки.

Оваа област учествува со 15 % од целокупните фактори на влијание во проценката, што игра значајна улога при глобалната проценка на ризикот од рецидивизам. Криминалната историја опфаќа вкупно 12 индикатори, од кои: 6 поволни и 6 неповолни, но има и место за некој неопределен индикатор (поволен или неповолен)кој може да призлезе од разговорот а за кој лицето кое  е врши проценката ќе смета дека е важен и припаѓа на оваа група индикатори.

- **Нема повеќе криминални дејствија во надворешни услови постои можност**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ нема повеќе криминални дејствија иако во надворешни услови постои можност | 0 | | |

Овој индикатор укажува дека осуденото лице е примарен сторител и не се водат други постапки против него, иако во неговата средина постоеле услови за вршење на други кривични дела. Од причини што отсуствува крималната историја кај осуденото лице, овој индикатор се вреднува со нула бодови.

- **Повеќе слични или повеќе сериозни криминални дејствија**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| | | ☐ повеќе слични или повеќе сериозни криминални дејствија | 3 |

Индикаторот “повеќе слични или повеќе сериозни криминални дејствија” спаѓа во групата на неповолни индикатори и се вреднува со 3 бодови кога осуденото лице се јавува како сторител на повеќе кривични дела, што само по себе укажува на зголемена веројатност од рецидивизам.

- **Зреење и заздравување (средување,закрепнување) на личноста**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ зреење и заздравување (средување, закрепнување) на личноста | 0 | | |

Следниот поволен индикатор се однесува на подобрување (зреење и заздравување) на интерперсоналните аспекти на личноста, односно кон средување на ставовите на осуденото лице и неговото однесување и размислување.

На пример: можеме да констатираме подобрување на способностите за препознавање на проблемите, вештините за разрешување на конфликти, свесноста во однос на последици, ставовите во однос на заедницата, другите луѓе и слично).
Доколку се констатира присуство на зреење и заздравување на личноста на осуденото лице бодуваме со 0 бодови.

- **Нема очигледна промена во однесувањето**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| | | ☐ нема очигледна промена во однесувањето | 3 |

Во случај кога кај осуденото лице нема очигледна промена во однесувањето, односно осуденото лице често ги повторува сопствените грешки, не размислува за последиците од своето однесување и не е во можност ефикасно да ги реализира своите цели, постои определен ризик од рецидивизам. Овој индикатор се смета за неповолен и се вреднува со 3 бодови.

- **Зголемена толеранција на фрустрација и издржливост**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ зголемена толеранција на фрустрација и издржливост | 0 | | |

Овој поволен индикатор се вреднува со 0 бодови и се однесува на оние осудени лица кои имаат високо ниво на толеранција на фрустрација и силни способности за разрешување на конфликти, што значи дека можат да ги контролираат негативните емоции во фрустрирачките ситуации.

- **Отфрла терапевтски услуги (каде терапијата е препорачана)**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| | | ☐ отфрла терапевтски услуги (каде терапијата е препорачана) | 3 |

Кога осуденото лице сторило дело чие извршување е последица на специфична состојба во која се наоѓало осуденото лице, а за надминување на таквата состојба е препорачана одредена терапија која осуденото лице ја отфрла, постои веројатност од рецидивизам и од тие причини овој индикатор се вреднува со 3 бодови.

- **Добра приспособливост и задоволителни социјални контакти во институцијата**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ добра приспособливост и задоволителни социјални контакти во институцијата | 0 | | |

Овој индикатор се однесува на оние осудени лица кои во текот на престојот во приемното одделение манифестираат примерно поведение, поттикнуваат добро однесување кај други осудени лица, како и одржуваат добра комуникација со службените и останатите осудени лица. Доколку кај осуденото лица се констатира дека поседува некои од овие карактеристики, лицето кое ја врши проценката ќе бодува со 0 бодови.

- **Чести конфликтни во институцијата**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| | | ☐ чести конфликти во институцијата | 3 |

Овој неповолен индикатор се однесува на оние осудени лица кои во текот на престојот во приемното одделение предизвикуваат конфликтни ситуации и имаат потешкотии во комуникацијата со осудените и службените лица.

- **Отсуство на компликации по ослободување од притвор**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ отсуство на компликации по ослободување од притвор | 0 | | |

Отсуството на компликации по ослободување од притвор подразбира дека мерката притвор не оставила последици на личноста на осуденото лице при неговото повторно враќање во социјалната средина.

На пример: осуденото лице до почетокот на издржување на казната затвор не сторило други кривични дела, само се јавило на издржување на казната затвор, го има сочувано психичкиот интегритет и др. Овој индикатор се вреднува со 0 бодови.

- **Има оштетување од долгата институционализација**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| | | ☐ има оштетување од долгата институционализација | 2 |

Овој индикатор укажува на оние осудени лица кои подолг период престојувале во казнено - поправните установи. Овие осудени лица сопствениот однос и поведение го адаптирале на неформалниот систем кој што се карактеризира со изразена девијантност на своите вредности, при тоа анулирајќи ги вредностите на формалниот систем. Присуството на вакво оштетување се бодува со 3 бодови.

- **Учење на нови стратегии за решавање на проблемите**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ учење на нови стратегии за решавање на проблемите | 0 | | |

Овој поволен индикатор се вреднува со 0 бодови и се однесува на оние осудени лица кои јасно го дефинираат проблемот и при тоа се насочуваат кон учење на нови стратегии за разрешување на проблемите, како на пример - утврдување на можни решенија, размислување на флексибилен начин, дефинирање на чекори за постигнување на одредени цели и др.

- **Нема напредок во учење на нови стратегии за решавање на проблеми**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| | | ☐ нема напредок во учење на нови стратегии за решавање на проблеми | 3 |

Овој индикатор спаѓа во групата на неповолни индикатори и ќе се бодува со 3 бода, доколку осуденото лице не манифестира напредок при учење на нови стратегии за разрешување на проблемите, не покажува интерес за нивно решавање, често ги повторува грешките и при тоа не индентификува други алтернативи за разрешување на проблемите.

**Практичен пример за областа “Криминална историја”**

Горан е примарен сторител на кривично дело и издржува казна затвор од 2 години за кривично дело “Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот”. Управувајќи го своето патничко моторно возило со брзина неприлагодена на состојбата на патот, непочитувајќи ги сообраќајните правила и прописи предизвикува директен судир со друго патничко возило. Горан предизвикал сообраќајна незгода во која животот го загубил возачот на другото возилото.
Осуденото лице е социјализиран, свесен за последиците, изразува каење и жалење. Во установата е адаптибилен и остварува социјални контакти.

**Начин на бодување**

Во овој пример вкупниот резултат на бодови е 0 бодови. Осуденото лице го бодираме само во делот на поволните индикатори бидејќи неповолните индикатори потполно се исклучуваат во однос на дадениот пример. Бодувањето е прикажано во табелата подолу.

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☒ нема повеќе криминални дејствија иако во надворешни услови постои можност | 0 | ☐ повеќе слични или повеќе сериозни криминални дејствија | 3 |
| ☒ зреење и заздравување (средување, закрепнување) на личноста | 0 | ☐ нема очигледна промена во однесувањето | 3 |
| ☒ зголемена толеранција на фрустрација и издржливост | 0 | ☐ отфрлува терапевтски услуги (каде терапијата е препорачана) | 3 |
| ☒ добра приспособливост и задоволителни социјални контакти во институцијата | 0 | ☐ чести конфликти во институцијата | 3 |
| ☒ отсуство на компликации по ослободување од притвор | 0 | ☐ средно оштетување од долгата институционализација | 2 |
| ☒ учење на нови стратегии за решавање на проблемите | 0 | ☐ нема напредок во учење на нови стратегии за решавање на проблеми | 3 |
| други | | други | |

**ВКУПНО________0 бодови__________**

# VII. Соочување со фактот

Областа  “Соочување со фактот” се однесува на соочување на осуденото лице со стореното кривично дело и степенот на подготвеност за прифаќање на вината како основ за решавање на состојбите и последиците од кривичното дело. Оваа област ги утврдува можностите за понатамошна примена на соодветен третман  за елиминирање на ризикот од  рецидивизам.

Учеството  на оваа област изнесува 5 % од целокупните фактори на влијание во проценката на ризикот, што не значи дека е занемарливо во целокупната проценка на ризик.

Целта на оваа област е да се добијат информации за манифестираниот став на осуденото лице во врска со подготвеноста реално да се соочи со чинот и да го надмине во текот на фазите на третман, особено во врска со анализа и дизајн на прекршување на стандардите и развивање на реални чувства и решавање на последиците.

При проценката на соочување со кривичното дело, во инструментот за процена на ризик се анализираат вкупно четири индикатори од кои 2 поволни и 2 неповолни индикатори.[4] Наведените индикатори се однесуваат на анализа на утврдената вина по пат на разговор со осуденото лице за утврдување на: неговите реални ставови, чувства, самостојна или водена анализа на личното учество во стореното дело, прифаќање на сопственото учество во дејствијата, развивање на свесност  и реална проценка на последиците.

[4] но има и место за некој неопределен индикатор (поволен или неповолен)кој може да призлезе од разговорот а за кој лицето кое  е врши проценката ќе смета дека е важен и припаѓа на оваа група индикатори.

- **Осуденото лице е подготвено навистина да се соочи со чинот и да го надмине, особено во врска со анализа и дизајн на прекршување на стандардите, препознатливо е жалење и каење**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ осуденото лице е подготвено навистина да се соочи со чинот и да го надмине, особено во врска со анализа и дизајн на прекршување на стандардите, препознатливо е жалење и каење | 0 | | |

Со проценката на поволниот индикатор дали осуденото лице е подготвено навистина да се соочи со чинот и да го надмине, особено во врска со анализа и дизајн на прекршување на стандардите и дали постои препознатливо жалење и каење, всушност се анализира односот на осуденото лице кон прогноза на фазите-чекорите во предстојниот третман. Соочувањето со фактот е услов за активно вклучување на осуденото лице во третманот, со заложба, без стеги и одбрана на личноста во опкружувањето, без дополнителни конфликти и грижи кои се однесуваат на она што се случило. Воедно, се гради основа за актуелно манифестирање на ставот на осуденото лице кон стореното кривично дело, при што има јасно изразување на чувствата, особено чувството на каење кое е признание и претставува основа и прв чекор за успех понатаму. Со тоа се создава основа за активен пристап до можностите за третман во институцијата, односно се создава заштитен фактор од рецидивизам и ризикот од безбедност (особено ако се работи за кривични дела против имотот и кривични дела против животот и телото).

Соочувањето со вината и стореното, откривањето на патот кон надминување и адекватност на емотивното однесување се чекори за свесност, а тоа е пат кон иден успех. Лицето кое ја врши проценката треба да направи компарација на одговорите

кои се содржани во индикаторот и објективното манифестирање на сите показатели за утврдување на вистината видливи во движењата на очите, телото, држењето, тонот и интелектуалното функционирање. Претходно направената тест психологија укажува дали кај осуденото лице има манипулативност, искреност или симулантен однос, како и на интересите на осуденото лице за поволно претставување.

Овој поволен индикатор се бодува со 0 бодови.

- **Негирање на законски основаната вина или минимизирање на фактот, нема каење**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| | | ☐ негирање на законски основаната вина или минимизирање на фактот, нема каење | 3 |

Индикаторот “негирање на законски основаната вина или минимизирање на фактот, нема каење” е спротивен на претходниот и укажува на негативниот став на осуденото лице за стореното кривично дело, отсуство на подготвеност да се соочи со последиците од своето постапување, оправдување на сопствените постапки со намалување на степенот на значење на делото и неговата вина, како и јасно определен негативен емотивен однос за стореното, односно отсуствува каење.

Со оглед на тоа што сите три сегменти на овој индикатор се негативно определени, овој индикатор ќе се бодува со 3 бода.

Следните два индикатора паралелно поставени (поволен и неповолен) меѓусебно директно се исклучуваат.

- **Решавање на состојбата на жртвите кои бараат надомест на штета и враќање на имотот**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ решавање на состојбата на жртвите кои бараат надомест на штета и враќање на имотот | 0 | | |

Поволниот индикатор "решавање на состојбата на жртвите кои бараат надомест на штета и враќање на имотот" укажува на јасна определеност за решавање на состојбата на жртвите. Осуденото лице води сметка за чуствата на жртвата и во зависност од видот на стореното кривично дело бара прифатливо и оправдано решение за надомест на штетата односно враќање на имотот. Лицето кое ја врши проценката јасно може да препознае дали осуденото лице има план за реализација и реални можности да го реши проблемот или да ја надомести штетата. Кога ќе се констатира ваква ситуција. Овој поволен индикатор се вреднува со 0 бодови.

- **Проекција на сопственото недолично однесување на жртвата или на трета страна – на општетсвото, други околности**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| | | ☐ проекција на сопственото недолично однесување на жртвата или на трета страна – на општетсвото, други околности | 3 |

Овој неповолен индикатор се бодира исклучиво со 3 бодови со оглед на фактот што префрлањето на вината на други лица значи неприфаќање, неспремност за

соочување со одговорноста за стореното кривично дело. Тоа значи дека осуденото лице користи одбранбени механизми и се “заштитува”.

**Практичен пример за областа “Соочување со фактот”**

Ѓорѓи е осуден на казна затвор 4 години за кривично дело “Силување”. Осудениот делото го сторил во текот на своето работно време на начин што ја нападнал својата секретарка и извршил полово дејстве против нејзина волја. По чинот истата се јавила на лекарски преглед и обезбедила медицинска документација со која дејствието е потврдено. Во разговорот со осуденото лице за време на престојот во приемното одделени, Ѓорѓи изјавил дека не е виновен и деке бил провоциран од неговата секретарка која го наместила со цел да на неговото место биде назначен нејзин братучед.

**Начин на бодување**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ осуденото лице е подготвено навистина да се соочи со линот и да го надмине, особено во врска со анализа и дизајн на прекршување на стандардите, препознатливо е жалење и каење | 0 | ☒ негирање на законски основаната вина или минимизирање на фактот, нема каење | 3 |
| ☐ решавање на состојбата на жртвите кои бараат надомест на штета и враќање на имотот | 0 | ☒ проекција на сопственото недолично однесување на жртвата или на трета страна – на општетсвото, други околности | 3 |
| други | | други | |

**ВКУПНО_______6 бодови________**

При бодување на оваа област, осуденото лице се бодува со 3 бодови на првиот неповолен индикатор од причини што истиот ја негира својата вина и ја минимизира сопствената улога во кривичното дело, тврдејќи дека е наместен. Додека, поради тоа што осуденото лице вината за кривичното дело ја префрла на жртвата и на нејзините намери со нејзиниот братучед, се бодира и вториот неповолен индикатор со 3 бодови и се бодира со вкупно 6 бодови во оваа област.

# VIII. Опции за третман

Во оваа област има четири индикатори, од кои два поволни и два неповолни индикатори.

Целта на оваа област од инструментот е да се добијат информации согласно утврденото потреби за третман, при што се утврдува дали во соодветната установа има услови за ефикасно третирање на осуденото лице. Лицето кое ја врши проценката треба да обрне внимание и на тоа дали осуденото лице е подготвено да го прифати третманот, односно дали има извесен степен на отпор. Кај овие индикатори може да се каже дека ризикот не е зависен само од осуденото лице, туку и од видот на установата и можностите со кои таа располага.

Во целокупната проценка на ризикот оваа област учествува со 5% од целокупните фактори на влијание во проценката на ризикот и има општо значење и влијание на сите области и индикатори од инструментот. Ефикасното третирање на осуденото лице игра значајна улога, дури и е пресудно за успех, односно ги исклучува различните видови на ризик.

Во оваа област има место и за некој неопределен индикатор (поволен или неповолен) ако лицето кое ја врши проценката смета дека е важен и припаѓа на оваа група на индикатори.

- **За постоечките пречки постои добро познат ефективен третман**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ за постоечките пречки постои добро познат ефективен третман | 0 | | |

Ако во постапката за проценка на призик се утврди дека постојат потреби, односно пречки кои можат да се третираат односно се утврди дека има познат ефективен третман во установата, тоа значи дека има услови и голема веројатност осуденото лице да се вклучи во третманот, односно ризикот да се сведе на минимум. Овој поволен индикатор се вреднува со 0 бодови**.**

- **Постоечките пречки не може ефикасно да се третираат**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| | 0 | ☐ постоечките пречки не може ефикасно да се третираат | 1 - 2 |

Наспроти претходната поволна можност следи индикаторот кој е неповолен кој ја опишува состојбата дека осуденото лице не може ефикасно да се третира, односно кога осуденото лице дава отпор кон примената на мерките и активностите препорачани со третманот или постојат други објективни фактори како пречка за да се реализира третманот. Пример: во установата ја нема потребната третманска група, нема лица со соодветен стручен профил и слично.

Овој неповолен индикатор се бодува со 1-2 бодови, во зависност од степенот на отпор на осуденото лице, односно степенот на влијание на останатите фактори (помало или поголемо) поради кои нема можност осуденото лице да се третира.

- **Установата обезбедува потребен пристап во лекувањето и потребна безбедност, подготвен е да се вклучи**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ установата обезбедува потребен пристап во лекувањето и потребна безбедност, подготвен е да се вклучи | 0 | | |

Овој индикатор е поволен и се однесува на случај кога се исполнети сите предуслови за спроведување на третманот и се вреднува со 0 бодови. Ова значи дека во установата има можности, соодветен пристап, безбедносни услови, соодветна кадровска екипираност при што  нема пречки осуденото лице да се вклучи во третманот.

- **Институцијата која би можела да го третира осуденото лице не е на располагање**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| | 0 | ☐ институцијата која би можела да го третира осуденото лице не е на располагање | 3 |

Овој индикатор кој е неповолен го претставува отсуството на можност за примена на третман на осуденото лице. Тоа значи дека во установата нема услови за спроведување на определениот третман од различни причини (финансиски, кадровски и слично).

Овој неповолен индикатор се вреднува со  3 бодови**,** бидејќи опцијата за третирање не постои, ризикот од секаков вид е висок, од причини што кога не постојат услови

за спроведување на третман, нема можност за влијанија кај осуденото лице и резултира со неуспех.

**Практичен пример за областа "Опции за третман"**

Јохан е сторител на ситни кривични дела "Кражби" и е специјален повратник на казни не поголеми од 8 месеци. Во текот на разговорот, Јохан признава дека ги сторил кривичните дела од причини што нема работа преку која може да обезбеди основни средства за егзистенција. Осуденото лице нема образование и соодветна квалификација за да може да најде работа. Осуденото лице има желба да се образува и е спремен да научи некој занает.

**Начин на бодување**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☒ за посоечките пречки постои добро познат ефективен третман | 0 | ☐ постоечките пречки не може ефикасно да се третираат | 1 - 2 |
| ☒ установата обезбедува потребен пристап во лекувањето и потребна безбедност, подготвен е да се вклучи | 0 | ☐ институцијата која би можела да го третира осуденото лице не е на располагање | 3 |
| други | | други | |

**ВКУПНО_______0 бодови_________**

Во оваа област осуденото лице е бодувано со 0 бодови, од причини што во установата постои можност за образување и стекнување на занаает, и истиот е подготвен да се вклучи во третманот.

# IX. Подготвеност за третманот

Оваа област ја обработува подготвеноста на осуденото лице за третман и учествува со 10 % од целокупната оценка во индивидуалната проценка. Подготвеноста на осуденото лице за третман е важен дел во имплементацијата на индивидуално планираниот третман. Постигнувањето на конкретните третмански цели зависи од подготвеноста на осуденото лице за третман. Со манифестирањето на самокритичност од страна на осуденото лице, прифаќање на сопственото дисфункционално однесување и подготвеност за промена од страна на осуденото лице, лицето што ја врши проценката може да ја оцени неговата подготвеност за третман во тек на престојот во приемното одделение. Прифаќањето на индивидуално одредениот третман од страна на осуденото лице значи прифаќање на планираните активности кои ќе се спроведуваат во текот на издржување на казната затвор. Формалното прифаќање на третманските активности не е идентично со активно вклучување во третманот на осуденото лице.

Податоците за оваа област се добиваат од разговорот со осуденото лице и друга документација, но најзначајни се податоците од индивидуалната работа со осуденото лице и манифестираниот став за прифаќање на третманските влијанија.

Целта на оваа област од инструментот е да се добијат информации за подготвеноста на осуденото лице за третман.

Оваа област опфаќа четири индикатори, од кои два поволни и два неповолни, но оставен е простор и за некој неопределен индикатор ако лицето кое ја врши проценката процени дека припаѓа на оваа група индикатори и од значење за осуденото лице.

- **Отворен е, има доверба во односот со службените лица за третман**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ отворен е, има доверба во односот со службените лица за третман | 0 | | |

Овој индикатор е поволен и укажува дека осуденото лице ги прифаќа третманските влијанија, отворен е во соработката со службените лица и покажува доверба и покрај корективните укажувања од службените лица за третман. Структурата на личноста и личните карактеристики одредуваат во кој степен осуденото лице ќе манифестира доверба и ќе прифати третмански влијанија. Идентификувањето на овој индикатор се бодува со 0 бодови.

- **Нема подготвеност сериозно да се соочи со својата вина**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| | | ☐ нема подготвеност сериозно да се соочи со својата вина | 3 |

Овој индикатор укажува дека осуденото лице не е подготвено сериозно да се соочи со својата вина, само формално ги прифаќа третманските активности со цел да стекни третмански придобивки во текот на издржување на казната затвор. Идентификувањето на овој неповолен индикатор се оценува со 3 бодови.

- **Активно извршување на третман опцијата, дури и кога има голем ризик од несакани ефекти**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ активно извршување на третман опцијата, дури и кога има голем ризик од несакани ефекти | 0 | | |

Овој индикатор укажува на активно прифаќање на третман опцијата од страна на осуденото лице, активно прифаќање на третманските активности и соработка во реализирањето на конкретно одредените третмански цели. Несаканите ефекти во прифаќањето на третман опцијата може да се различни и тоа: здравствени, комуникациски, негативно прифаќање на настанатите промени кај осуденото лице од другите учесници во третманот или третманската група и др. Овој поволен индикатор се бодува со 0 бода.

- **Отфрла секаков третман, остро се спротивставува, само навидум е на терапија**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| | | ☐ отфрла секаков третман, остро се спротиставува, само навидум е на терапија | 3 |

Овој индикатор укажува дека осуденото лице не е отворено за прифаќање на третманските влијанија, се спротивставува на третманските влијанија или само само формално е во одреден пенален или психотераписки третман. Идентификувањето на овој неповолен индикатор се оценува со 3 бодови.

**Практичен пример за областа “Подготвеност за третманот”**

Миле издржува казна затвор за кривично дело “тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот” во висина од 2 години 6 месеци. Кривичното дело го сторил под дејство на алкохол на начин што на магистрален пат удира во два пешаци при што кај истите од здобиените повреди настапила смрт. Неговата зависност е присутна кај него повеќе години и како резултат на зависноста го напуштила неговата жена. Миле е субјективен и настанот го интерпретира како последица на несреќни околности. Во разговорот отфрла секаков вид на третман.

**Начин на бодување**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ отворен е, има доверба во односот со службените лица за третман | 0 | ☒ нема подготвеност сериозно да се соочи со својата вина | 3 |
| ☐ активно извршување на третман опцијата, па дури и кога има голем ризик од несакани ефекти | 0 | ☒ отфрла секаков третман, остро се спротиставува, само навидум е на терапија | 3 |
| други | | други | |

**ВКУПНО________6 бодови__________**

Субјективноста на Миле е значаен индикатор врз основа на што може да се прогнозира успехот на конкретно поставените третмански активности. Се очекува Миле да манифестира формално уредно поведение во тек на издржувањето на казната, да ги извршува работните задачи со ангажирање, не е исклучена злоупотреба на погодностите заради конзумирањето на алкохол. Дополнителна проценка и дополнителен третман може да придонесе во градењето на објективното себеоценување на Миле и во надминување и контролирање на неговите проблеми и симптоми поврзани со зависноста од алкохол.

# X. Подготовка за отпуст

Подготовката за отпуст на осуденото лице и проценката на индикаторите кои се анализираат претставуваат значаен сегмент во определувањето на глобалната проценка на ризик кај секое осудено лице. Со анализа и оценување на индикаторите за подготовката за отпуст се започнува уште од самиот почеток на издржување на казната затвор, односно уште за време на престојот во приемното одделение.

При проценката на областа "Подготовка за отпуст" во инструментот за проценка на ризик се анализираат 6 поволни и 7 неповолни индикатори кои се однесуваат на вклучување на осуденото лице во семејството, водење сметка за неговите приходи, сместување, неговите разумни очекувања и планирање на иднината, самоконтрола, пристапот до жртвите, како и тоа дали лицето прифаќа поддршка од институции, невладини организации или лица кои се спремни да му помогнат.[5]

Учеството на оваа област изнесува 5 % од целокупните фактори на влијание во проценката на ризикот меѓутоа малиот процент кој се добива при проценката на индикаторите за ризикот при подготовката за отпуст не значи истовремено дека истите не се толку битни во вкупната проценка, напротив, секој од наведените неповолни индикатори, доколку остане нетретиран за време на издржувањето на казната, сам по себе претставува висок ризик за рецидивизам или за потешка повреда.

Првичните информации за оваа област се обезбедуваат од затворското досие, судската пресуда, семејството, надлежните социјални органи и од разговорот со осуденото лице.

[5] оставен е простор и за некој неопределен индикатор ако лицето кое ја врши проценката процени дека припаѓа на оваа група индикатори и од значење за осуденото лице

- **Вклучување во семејството,партнерство,одржливи контакти**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ вклучување во семејството, партнерство, одржливи контакти со терапевт | 0 | | |

Со овој поволен индикатор се анализираат односите на осудениот со семјството во поширока смисла, партнерот со кој живее/се дружи како и интензитетот на контактите.

Семејствата кои му даваат поддршка на осуденото лице особено доколку лицето е на помлада возраст, играат улога на заштитен фактор од рецидивизам. Доколку во семејството постои член со криминална позадина, во тој случај кај осуденото лице зголемена е веројатноста од рецидивизам, а доколку постои историја на злоупотреба на лицето уште во детска возраст постои и сериозен ризик од тешка повреда. Добриот однос и врска со партнерот како и одржување на контакти со други лица исто така имаат улога на заштитен фактор од рецидивизам.

Лицето кое ја врши проценката треба да ги има во вид и културните разлики, традициите и обичаите кои владеат во заедницата од каде што доаѓа осуденото лице. Исто така, треба да се утврдат следните аспекти значајни за подготовка на отпуст:

- Дали осуденото лице имало контакти со своето семејство, партнерот, и колку е близок со нив;
- Дали има полубраќа или полусестри, други членови од поширокото семејство и каков е неговиот однос со нив;
- Дали семејството или партнерот му даваат поддршка додека е во затвор и каков вид на поддршка;
- Кај оние осудени лица кои немаат родители или партнер, потребно е да се утврди дали осуденото лице има поблиски роднини и пријатели во државата

или во странство, какви се неговите релации со нив и дали може тие лица да ги смета како замена за семејната поддршка.

Овој индикатор се бодува со 0 бодови во случај кога осуденото лице има поддршка и добри односи со членовите од неговото семејство, редовни контакти со партнерот и одржливи контакти со други лица.

- **Недостаток на социјални контакти и врски, патогени социјални односи и семејство**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| | | ☐ недостаток на социјални контакти и врски, патогени социјални односи и семејство | 3 |

Овој индикатор е спротивен на претходниот и укажува на недостаток на социјални контакти и врски на осуденото лице, како и постоење на индифирентен, непријателски или непријатен однос на осуденото лице со сите членови од неговото семејство или повеќето од нив. Осуденото лице не се грижи за семејството, не се грижи што семејството чувствува за него или што очекува од него, ретко има контакти со членови од семејството и при тие контакти постојано е во кавга со нив. Овој индикатор се вреднува со 3 бодови.

- **Сигурен приход, домување и др.**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ сигурен приход, домување и др. | 0 | | |

За правилно оценување на овој индикатор, од лицето кое ја врши проценката се бара да ја утврди финансиската состојба на осуденото лице во моментот кога се одвива проценката.

Овој индикатор е значаен бидејќи постои корелација помеѓу приходите и рецидивизмот, иако со сигурност не може да се потврди дека анализата на овој индикатор може да го предвиди рецидивизмот. Финансиите сами по себе не претставуваат ризик од рецидивизам. Лицето кое ја врши проценката треба да прибави информации за начинот на кој осуденото лице управува со нив (како ги обезбедува, како ги троши, дали има стабилен извор на приходи и друго). Немањето живеалиште, односно домување како индикатор е во тесна врска со рецидивизмот. Кај лицата кои немаат трајно живеалиште или лицата кои живеат во домови со други лица (осудувани порано), поголема е веројатноста да направат повторно кривично дело. Исто така, оние лица кои често се селат постојано се изложени на стрес и потреба од постојано брзо прилагодување на новата средина. Немањето постојана адреса на живеење или домување во високо криминогена средина може да бидат фактори кои силно влијаат на рецидивизмот.

Овој индикатор се бодува со 0 бодови во случај кога осуденото лице има сигурен приход и постојано живеалиште.

- **Без дом, без работа, недозволена работа, нема финансиска сигурност**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| | | ☐ без дом, без работа, недозволена работа, нема финансиска сигурност | 3 |

Во случај кога ќе се констатира дека осуденото лице нема обезбедено постојано живеалиште, нема сигурен извор на приходи, својата егзистенција ја обезбедува

преку недозволена работа и приходите кои ги има не се доволни за негова егзистенција, ќе се бодува со 3 бодови.

- **Реално идно планирање со разумни очекувања**

| **ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ** | **БОД** | **НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ** | **БОД** |
|---|---|---|---|
| ☐ реално идно планирање со разумни очекувања | 0 | | |

Со анализата и оценувањето на овој индикатор, лицето кое ја врши проценката треба да ги утврди плановите за иднината и начинот на размислување на осуденото лице, како ќе ги решава своите проблеми за време на издржување на казната затвор и по напуштање на установата.

Овој индикатор се бодува со 0 бодови, во случај кога лицето кое ја врши проценката ќе констатира дека осуденото лице има реални краткорочни и долгорочни планови и размислувања со реална динамика за нивна реализација.

- **Никакви конкретни реални планови**

| **ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ** | **БОД** | **НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ** | **БОД** |
|---|---|---|---|
| | | ☐ никакви конкретни реални планови | 3 |

Овој индикатор е спротивен на претходниот и се бодува со 3 бодови, во случај кога осуденото лице нема никакви планови (живее од денес за утре), односно нема поставено цели во согласност со општествените вредности и норми. Овој индикатор ќе се бодира и во случај кога осуденото лице има поставено цели и

планови, но по оценка на лицето кое ја врши проценката тие се нереални. (На пример: очекува да добие голема сума на пари со играње на лото, а не игра игри на среќа).

Немањето соодветен начин на размислување за социјалните проблеми, лесното запаѓање и неконтрола на емоциите придонесува за ризикот од рецидивизам и ризик од сериозна повреда.

- **Враќање накриминогеното милје, чести контакти со криминални групи(тенденција кон конфликтни односи, дрога, проституција и др.)**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| | | ☐ враќање накриминогеното милје, чести контакти (тенденција кон конфликтни односи, дрога, проституција и др.) | 3 |

Овој индикатор спаѓа во групата на неповолни и се бодува со 3 бодови, доколку лицето кое ја врши проценката од областа криминална историја утврди дека на осуденото лице криминалното милје му е животен стил на однесување, често имал конфликтни ситуации, егзистирал од продажба на дрога, од проституција и слично.

- **Добра самоконтрола**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ добра самоконтрола | 0 | | |

Индикаторот "добра самоконтрола" е во тесна врска со повеќе други индикатори, а посебно со индикаторот кој се однесува на способноста на осуденото лице да решава и да се снаоѓа при решавањето на конфликтни ситуации.
Овој индикатор го бодуваме со 0 бодови доколку осуденото лице успешно ги контролира негативните емоции во конфликтни ситуации, навремено ги препознава ситуациите кои го иритираат и со нив се справува на ефикасен начин.

- **Недостаток на самоконтрола**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| | | ☐ недостаток на самоконтрола | 2 |

Овој индикатор е спротивен на претходниот и се бодува со 3 бодови, во случај кога лицето кое ја врши проценката утврдило дека осуденото лице има честа манифестација на лутина, лесно губи контрола, ги напаѓа другите без посебна причина и има чести конфликти со другите осудени лица.

- **Тежок пристап до жртвите**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ тежок пристап до жртвите | 0 | | |

Овој индикатор се однесува на пристапот на осуденото лице до жртвите кои се предмет на кривичното дело. Лицето кое ја врши проценката поимот жртва треба да го подразбира во неговата поширока смисла. Како жртва се сметаат не само лицата кои се директно погодени од кривичното дело, туку и сите лица (физички

или правни) кои се оштетени од кривичното дело. Исто така, треба да обрне внимание дали осуденото лице може да дојде во контакт со жртвите или со правното лице во кое е сторено делото.

Овој индикатор се бодува со 0 бодови доколку се утврди дека осуденото лице има тежок пристап до жртвите. На пример. осудениот сторил сообраќајно кривично дело, не е вработен повеќе во правното лице каде што го сторил делото и друго.

- **Полесен пристап до жртвите**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| | | ☐ полесен пристап до жртвите | 3 |

Овој индикатор е спротивен на претходниот и се бодува со 3 бодови во случај кога лицето кое ја врши проценката ќе утврди дека осуденото лице има лесен пристап до жртвите, што значи дека постои поголем ризик за повторување на истото кривично дело.

На пример:

- Доколку лицето е осудено за кривично дело од областа на семејно насилство, а по издржаната казна затвор повторно ќе се врати во семејството;
- Доколку осуденото лице е осудено за кривично дело “Нанесување на тешка телесна повреда”, а жртвата се наоѓа на издржување казна затвор во истата установа.
- Осуденото лице е со лесна ментална попреченост и друго.

- **Прифаќање поддршка**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ прифаќање поддршка | 0 | | |

Кога лицето кое ја врши проценката ќе оцени дека осуденото лице соработува и ги прифаќа сите предвидени активности при подготовката за отпуст, ќе се бодува овој поволен индикатор со 0 бодови.

- **Отфрлање на поддршка, без соработка**

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| | | ☐ отфрлање на поддршка, без соработка | 3 |

Овој неповолен индикатор се бодува со 3 бодови, во случај кога осуденото лице не бара поддршка од членовите на неговото семејство и не соработува со службените лица вклучени во неговиот третман, неприфаќа сугестии поради што не се прогнозира успешна реализација на активностите при отпуст, што претставува висок ризик од рецидивизам.

**Практичен пример за областа “Подготовка за отпуст”**

Арбен е осуден на казна затвор во траење од 4 години за повеќе кривични дела “Тешка кражба”. Во разговорот со осуденото лице се добиваат податоци дека Арбен бил во повеќе годишна стабилна врска со својата девојка со која најчесто

заедно ги вршеле кривичните дела, односно извршиле повеќе кражби на бутици за облека низ државата. Осудениот со девојката низ државата се движеле со комбе, во кое и живееле. Украдените предмети ги продавале на еден сопственик од главниот град, а целта им била од добиените пари од продадената украдена стока да изградат свој дом и да започнат бизнис. Семејството на неговата девојка било имотно и живеело во едно тетовско село, кое се занимавало со земјоделие. Тие во повеќе наврати ги повикувале да се преселат кај нив и да се вклучат во земјоделската работа. Осуденото лице сметал дека тоа не е добра иднина за него и сите предлози ги одбивал.

### Начин на бодување

Поради стабилната партнерска  врска со неговата девојка, бодуван (со 0 бодови) е првиот поволен индикатор. Следните индикатори се од групата на неповолни индикатори бидејќи осуденото лице немало сопствен домови, сигурни приходи, има нереални планови, често се навраќа на криминогени ситуации, непостои самоконтрола, има лесен пристап до жртвите и отфрла секаков вид на поддршка. Начинот на бодување е претставен во табелата подолу.

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☒ вклучување во семејството, партнерство, одржливи контакти со терапевт | 0 | ☐ недостаток на социјални контакти и врски, патогени социјални односи и семејство | 3 |
| ☐ сигурен приход, домување и др. | 0 | ☒ без дом, без работа, недозволена работа, нема финансиска сигурност | 3 |
| ☐ реално идно планирање со разумни очекувања | 0 | ☒ никакви конкретни реални планови | 3 |
| | | ☒ враќање накриминогеното милје, чести контакти (тенденција кон конфликтни односи, дрога, проституција и др.) | 3 |
| ☐ добра самоконтрола | 0 | ☒ недостаток на самоконтрола | 2 |
| ☐ тежок пристап до жртвите | 0 | ☒ полесен пристап до жртвите | 3 |
| ☐ прифаќање поддршка | 0 | ☒ отфрлање на поддршка, без соработка | 3 |
| други | | други | |

**ВКУПНО________17 бодови_________**

# Прашалник за самопроценка на осуденото лице

## I. Самопроценка

Прашалникот за самопроценка овозможува компаративно гледање на работите од перспектива за потребите на осуденото лице и овозможува стекнување на една сеопфатна слика за него.

Со пополнувањето на прашалникот за самопроценка од страна на осуденото лице му се овозможува да се искаже како гледа на својот живот и дали е во можност да ги препознае сопствените проблеми.

Прашалникот може да идентификува прашања кои осуденото лице не ги спомнало за време на разговорот или пак разлики во мислењата за кои би било корисно да се продискутира. Самопроценката може да се користи и како можност осуденото лице да даде свое мислење за настаните и случувањата во врска со кривичното дело и воопшто.

**II.** Прашалникот за самопроценка е составен од **четири делови**.

1. Во **првиот дел** се содржани личните податоци за осуденото лице, неговата возраст, како и датумот кога се врши самопроценката, односно точниот датум кога осуденото лице го пополнува прашалникот.

| **Лични податоци на осуденото лице** |
|---|
| Презиме:<br>Име: |
| Старост: |
| Датум на самопроценка: |

Датумот на пополнување на прашалникот задолжително треба да биде наведен/ евидентиран бидејќи со тоа се овозможува да се следат сите евентуални промени (позитивни или негативни), што со текот на времето настануваат кај осуденото лице.

2. **Вториот дел** содржи претпоставки кои доколку би биле исполнети осуденото лице би престанало со вршење на кривични дела.

Ова е мошне значаен дел бидејќи го поттикнува осуденото лице самото да размислува за тоа кои се причините за неговото криминогено однесување.

Од друга страна со пополнувањето на овој дел се согледуваат приоритетните потреби на осуденото лице, неговите желби и најзначајните сегменти во неговиот живот.

| **Дали би ви помогнало да престанете со вршење на кривични дела кога би:** | **Не** | **Да** | **Не се однесува на мене** |
|---|---|---|---|
| - имал добри стамбени услови | | | |
| -имал работа | | | |
| - ја задржал работата | | | |
| - имал доволно пари | | | |
| - донесувал добри одлуки | | | |
| - ги разбирал другите луѓе | | | |
| - ги имал во предвид туѓите чувства | | | |
| - се држел до своите планови | | | |
| - бил под надзор | | | |
| - се согласувал со семејството | | | |
| - се согласувал со брачниот другар/партнер | | | |
| -се грижел за своите деца | | | |
| - имал партнер | | | |
| - стекнал пријатели | | | |
| - ги задржал пријателите | | | |
| Друго: | | | |

Во овој дел осуденото лице треба да одговори потврдно (ДА) или негативно (НЕ), дали со подобрување на определени услови од неговиот секојдневен живот би можеле да влијаат да престане со вршење на кривични дела. Ова има големо значење, бидејќи може да има влијание и да помогне за поголема соработка од страна на осуденото лице при спроведувањето на третманот за време на издржувањето на казната затвор.

Објаснување на факторите/условите:

- Добри стамбени услови

При утврдување на станбените услови се зема во предвид решеното станбено прашање, односно осуденото лице да е сопственик на свој стан/куќа, конфорноста и опременоста на станот/куќата, достапност на живеалиштето до инфраструктурните објекти;

- Да има работа - осуденото лице да е вработено (на определено или неопределено време);
- Можност да ја задржи работата - работното место на осуденото лице да биде на неопределено време;

Најчесто  невработеноста е криминоген фактор и поверојатно е осудените лица кои се невработени да искажуваат ставови кои не соодвествуваат со општо прифатените норми на однесување. Врската помеѓу невработеноста и повратништвото не се базира само на финансиските средства, туку таа исто така може да се однесува и на непостоењето на соодветен статус и на социјална вклученост што може да го овозможи работата. Промените во работниот статус се во тесна поврзаност со веројатноста од рецидивизам.

- Да има доволно пари - се зема во предвид финансиската состојба на осуденото лице, односно да има доволно финансиски средства (пари) да ги намири своите основни животни потреби;
- Да донесува добри одлуки - да има реални планови за животот;
- Да ги  разбира  другите луѓе да има добри релации;
- Да ги има во предвид туѓите чувства - да сочувствува со проблемите на другите;
- Да се држи  до своите планови - да е истраен во реализација на неговите цели;
- Да биде под надзор – овде се мисли на надзор од стручни лица од Центарот за социјална работа (Пример: продуктивно да го користи

слободното време, начинот на трошењето на финансиски средства, да не посетува определен локал и слично).

Со претпоставките што следат се опфатени односите кои осуденото лице ги има со неговото семејство, вредноста која осуденото лице ја дава за своето семејство, динамиката на односите и дали влијанието на семејството врз него е позитивно или негативно. Овие односи може да бидат важен заштитен фактори и може да доведат кон воздржување од негативни дела.

- Да се согласува со семејството - Добри односи со семејството значи осуденото лице да има контакт со своето семејство и да има блиски односи со семејството кое му дава поддршка. Од друга страна, осуденото лица да се грижи за чувствата на семејството;
- Да се согласува со брачниот другар/партнер - осуденото лице да има добри релации и поддршка од брачниот партнер - Системот за проценка на ризикот ја зема во предвид оваа област преку разгледување на тоа колку односите и врските кои ги има осуденото лице со брачниот другар се стабилни и колку тоа е задоволно од нив. Односот кој се состои од поддршка може да делува како заштитен фактор против правење на недозволени дела во иднина;
- Да се грижи за своите деца - овозможување на образование, поддршка, воспитување, грижа за здравјето и слично;
- Да има партнер – со кој е во емотивна врска и го поддржува ;
- Да има стекнато пријатели – кој го поддржуваат и помагаат;
- Да ги има задржано пријателите – да има стабилни пријателски врски.

3. **Третиот дел** содржи фактори кои влијаат врз однесувањето на осуденото лице и кои претставуваат проблем за негово нормално функционирање, односно се причина за криминогено однесување на осуденото лице.

| Дали нешто од ова ви претставува проблем? | Никаков проблем | Незначаен проблем | Сериозен проблем | Не се однесува на мене |
|---|---|---|---|---|
| - коцкање | | | | |
| - лошо друштво | | | | |
| - досада | | | | |
| - осаменост | | | | |
| - излегување на проблематични места | | | | |
| - претерана конзумација на алкохол | | | | |
| - земање дрога | | | | |
| - депресија | | | | |
| - многу грижи | | | | |
| - гнев | | | | |
| - стрес | | | | |
| - избрзани постапки | | | | |
| - повторување на исти грешки | | | | |
| - станувам насилен кога ќе се изнервирам | | | | |
| Друго: | | | | |

---

4. Во **четвртиот дел** се содржани одредени слабости на осуденото лице за кои му е потребна стручна помош.

Постои широк спектар на психолошки и емотивни фактори кои се во блага корелација со рецидивизмот - На пример, непостоењето на способност кај лицето да се справува со стрес, депресија, душевни проблеми и слично.

Ова не значи дека поголем број од луѓето кои страдаат од неспокојство, депресија или имаат душевни проблеми е веројатно да станат осудени лица, туку значи дека овие проблеми може влијаат за вршење на кривични дела кај одредени лица.

Голем број на осудени лица имаат потешкотии како што се недоволна контрола на импулсивноста, потешко решавање на проблемите, неможност да ги согледаат ставовите на други лица и нетолерантност , нефлексибилност и слично.

Најчесто постои цврста корелација помеѓу импулсивното, односно агресивното однесување и вршењето на одредени видови на сериозни недозволени дела.

Одредени ставови на осуденото лице (како што е непријателскиот став кон други) и немањето желба да се признаат одредени ограничувања, се доведуваат во врска со зголемениот ризик од сериозна повреда и се сериозни индикатори дека му е потребна стручна помош.

| **Дали ви треба помош за:** | **Никаква помош** | **Мала помош** | **Голема помош** | **Не се однесува на мене** |
|---|---|---|---|---|
| - читање и пишување | | | | |
| - доквалификација | | | | |
| - располагање со пари/долгови | | | | |
| - депресија | | | | |
| - осаменост | | | | |
| - согласување со семејството | | | | |
| - согласување со брачниот другар/партнер | | | | |
| - грижа за своите деца | | | | |
| - наоѓање на партнер | | | | |
| - стекнување на партнер | | | | |
| - задржување на пријатели | | | | |
| - многу грижи | | | | |
| - гнев | | | | |
| - стрес | | | | |
| - донесување на добри одлуки | | | | |
| - наоѓање на работа | | | | |
| - задржување на работа | | | | |
| - пари за основни потреби | | | | |
| - стамбени услови | | | | |
| - избегнување на вршење на кривични дела | | | | |
| - однесување кон авторитети | | | | |
| - однесување кон другите луѓе | | | | |
| Друго: | | | | |

## Начин на  пополнување на  Прашалникот за самопроценката:

Лицето што ја врши проценката пред пополнувањето на формуларот  треба да го праша осуденото лице дали му треба помош во читањето или пополнувањето на овој формулар. Осуденото лице по правило само го пополнува прашалникот. Во случај кога се работи за осудено лице кое е неписмено, лицето кое ја врши проценката му помага во пополнувањето.

Многу е важно на осуденото лице да му се даде можност да се обиде да ги пополни информациите кои се во првиот дел на формуларот за самопроценка - име, презиме, датум и возраст. Ова од причина што самопроценката може понатаму да се користи како водич/ увид во тоа какви се способностите за читање и пишување и разбирање на прашалникот од страна на осуденото лице.

Одговорите во прашалникот, осуденото лице го дава со знакот X во квадратот кој се однесува на соодветниот одговор. Самопроценката не се бодува.

# Иницијална проценка за осудено лице со многу неповолен (висок) ризик

### за заедницата, затворскиот персонал, останатите осудени лица, други лица кои го посетуваат затворот или за самиот себе

Овој прашалник се пополнува само за оние осудени лица кај кои со инструментот за проценка на ризик е утврден многу висок степен на ризик.

Иницијалната проценка на осуденото лице е составена од 3 посебни делови кои ги пополнува лицето кое ја врши проценката.

**I дел:** Првиот дел се однесува на криминалната историја на осуденото лице и овозможува да се добие слика за видовите на претходните и актуелното кривично дело.

Пополонете ги празните полиња само со ДА за извршените кривични дела

| Дали некогаш сте биле осудуван за некои од овие кривични дела: | Актуелно кривично дело | Претходно кривично дело | |
|---|---|---|---|
| - убиство | | | Анализата на ризикот мора да биде комплетирана |
| - обид за убиство | | | |
| - закана со убиство или планирање | | | |
| - убиство од небрежност | | | |
| - силување | | | |
| - обид за силување | | | |
| - сексуална злоупотреба на дете | | | |
| - било кое кривично дело сторено спрема дете | | | |
| - грабнување/противправно лишување од слобода | | | |
| - подметнување на пожар | | | |
| - поседување на огнено оружје со намера да се загрози живот или давање отпор при апсење | | | |
| - разбојништво | | | |
| - нанесување тешки телесни повреди | | | |
| - предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост | | | |
| - некое друго кривично дело против | | | Оценувачот |

| | | | |
|---|---|---|---|
| половата слобода и половиот морал | | | треба да оцени дали треба анализата на ризикот да се комплетира* |
| - нанесување лесни телесни повреди | | | |
| - кривични дела со употреба на оружје или орудие | | | |
| - тешка кражба | | | |

| *Наведети ги причините зошто анализата не е комплетирана |
|---|
| |

**II дел:** Вториот дел се однесува на значајни настани во животот на осуденото лице односно овозможува да се добие слика за претходните и актуелните настани, постапки и однесување на осуденото лице.

| Значајни настани | Актуелни | Претходни | |
|---|---|---|---|
| - осуден на доживотна казна затвор | | | Анализата на ризикот мора да биде комплетирана |
| - отпуштен од специјална болница/регистриран како психички болен | | | |
| - напади на други/закани кон други | | | |
| - напади на персоналот/закани кон персоналот | | | |
| - обид за самоубиство или самоповредување | | | |
| - кривичното дело е сторено додека не ја користел препишаната терапија | | | |
| - семејно насилство | | | |
| - начинот на извршување на кривичното дело вклучува сексуални или насилни дејствија | | | |
| - осудуван на 5 или повеќе години | | | Оценувачот треба да оцени дали треба анализата на ризикот да се комплетира* |
| - садистичко однесување спрема луѓе и животни | | | |

| *Наведети ги причините зошто анализата не е комплетирана |
|---|
| |

**III дел:** Целта на овој дел е да се комплетира сликата за осуденото лице и моменталниот ризик од секаков вид на повреда.

| | Да | Не |
|---|---|---|
| Врз основа на достапните информации, сегашното или претходното однесување, дали постои веројатност дека ќе стори кривично дело кое подразбира нанесување сериозни физички или психички повреди или трауми. | ☐ | ☐ |
| Дали лицето живее со деца или одржува редовен контакт со нив? | ☐ | ☐ |
| Врз основа на информациите собрани од претходните делови на оваа анкета,дали постојат причини кои би упатувале на можноста осудениот да нанесе сериозни физички или психички повреди и трауми на други лица или себеси. | ☐ | ☐ |

Ако одговорот е ДА на било кое од горенаведените прашања, анализата на ризик мора да се комплетира.

Овој формулар не се бодува.

## АНАЛИЗА НА РИЗИЧНОТО ОДНЕСУВАЊЕ

Целта на комплетирање на оваа анализа е да се употребат сите достапни информации за да се анализира ризичното однесување за заедницата, затворскиот персонал, останатите осудени лица, други лица кои го посетуваат затворот и кон самиот себе.

1. Информациите од овој сегмент треба да се однесуваат на тоа кој е изложен на ризик, од што и во кои околности.

| |
|---|
| Што точно сторило осуденото лице во моментот на извршување на кривичното дело, на актуелното дело или при издржувањето на претходна казна или во социјалната средина што би укажувало на можноста во иднина да нанесе сериозни физички или психички повреди и трауми на други лица или на себе. |

| |
|---|
| Каде го направил тоа? |
| Кога го направил тоа? |
| Зошто го направил тоа? |
| Кои се оштетени/жртви (дали има место за загриженост за видот или загрозувањето на жртвата)? |
| Како го направил тоа? |
| Дали некој бил присутен/вмешан? |

2. Предиспозициски ризици

| |
|---|
| Дали постојат значајни претходни настани во животот на сторителот на кривичното дело кои укажуваат на тоа дека би можел да нанесе штета на други или себеси, пример: насилство, злоупотреба, виктимизација?<br>Што е тоа најлошо што ова лице го сторило и во кои околности? |

**3.** Ситуациони ризици

| |
|---|
| Опишете ги факторите кои се актуелни во моментот, а кои би можеле да го поттикнат ризичното однесување.<br>Наведете во кои околности таквото однесување би можело да се манифестира.<br>Дали однесувањето кое довело до извршување на кривичното дело е во пад/константно/подем? |

**4.** Фактори на спречување

| |
|---|
| Опишете ги факторите, постапките, настаните кои можат да го намалат степенот на ризичното однесување.<br>Што претходно го спречило? |

**5.** Временска рамка

| |
|---|
| Наведете дали ќе дојде до појава на ризично однесување брзо или не. |

**6.** Изложеност на ризик

| |
|---|
| Дали лицето е изложено на ризик заради однесување на други или поради настани или други околности? |

Ова е мошне значаен дел и  лицето кое ја врши проценката врз основа на детално направената кумулативна анализа, дава заклучни согледувања за сите важни сегменти на ризикот.

**ЗАКЛУЧОК**

| |
|---|
| Кој е изложен на ризик? |
| Каква е природата на ризикот? |
| Кога ќе биде ризикот најголем? |
| Кои околности би можеле да го зголемат ризикот? |
| Кои фактори би можеле да го намалат ризикот? |
| Коментари на оценувачот: |

**Пример за осудено лице со многу висок ризик:**

Осуденото лице ЕБ од Скопје, е на возраст на 36 години, издржува единствена казна затвор во траење од 9 години за повеќе кривични дела: Полов напад врз дете, Силување, Грабнување, Недозволено изработување и држење на оружје, Тешка кражба, Недозволено производство и пуштање во промет на наркотични средства, психотропни супстанции и прекурзори.

Живее во вонбрачна заедница и нема деца и има постојано место на живеење. Корисник е на различни видови психотропни супстанции и зависник е од хероин и во установата е на метадонски третман.

Резултатите од примена на психодијагностичко средство покажуваат профил со отстапување, при што присутни се следните карактеристики: нарушувања во однесувањето уште од адолесценцијата, агресија, ниска самопочит, импулсивност и низок праг на толеранција на фрустрација.

Во контактите со стручниот тим во приемното одделение манифестира вербално насилство, не ја прифаќа изречената казна затвор, извршените кривични дела ги негира, се заканува на службените лица, покажува вербално и физичко насилство кон осудените лица во приемното одделение, се заканува со бегство заради лични и

семејни проблеми, бара да биде однесен на психијатар заради психички потешкотии.

**Начин на пополнување на**
**Иницијалната проценка за осудено лице со многу неповолен(висок(ж)ризик**

**ИНИЦИЈАЛНА ПРОЦЕНКА ЗА ОСУДЕНО ЛИЦЕ СО МНОГУ НЕПОВОЛЕН (ВИСОК) РИЗИК ЗА ЗАЕДНИЦАТА, ЗАТВОРСКИОТ ПЕРСОНАЛ, ОСТАНАТИТЕ ОСУДЕНИ ЛИЦА, ДРУГИ ЛИЦА КОИ ГО ПОСЕТУВААТ ЗАТВОРОТ ИЛИ ЗА САМИОТ СЕБЕ**

Пополонете ги празните полиња само со ДА за извршените кривични дела

| Дали некогаш сте биле осудуван за некои од овие кривични дела: | Актуелно кривично дело | Претходно кривично дело | |
|---|---|---|---|
| - убиство | | | Анализата на ризикот мора да биде комплетирана |
| - обид за убиство | | | |
| - закана со убиство или планирање | | | |
| - убиство од небрежност | | | |
| - силување | Да | | |
| - обид за силување | | | |
| - сексуална злоупотреба на дете | Да | | |
| - било кое кривично дело сторено спрема дете | | | |
| - грабнување/противправно лишување од слобода | Да | | |
| - подметнување на пожар | | | |
| - поседување на огнено оружје со намера да се загрози живот или давање отпор при апсење | Да | | |
| - разбојништво | | | |
| - нанесување тешки телесни повреди | | | |
| - предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост | | | |
| - некое друго кривично дело против половата слобода и половиот морал | | | Оценувачот треба да оцени дали треба анализата на ризикот да се комплетира* |
| - нанесување лесни телесни повреди | | | |
| - кривични дела со употреба на оружје или орудие | | | |
| - тешка кражба | Да | | |

*Наведети ги причините зошто анализата не е комплетирана

| Значајни настани | Актуелни | Претходни | |
|---|---|---|---|
| - осуден на доживотна казна затвор | | | Анализата на ризикот мора да биде комплетирана |
| - отпуштен од специјална болница/регистриран како психички болен | | | |
| - напади на други/закани кон други | Да | | |
| - напади на персоналот/закани кон персоналот | Да | | |
| - обид за самоубиство или самоповредување | | | |
| - кривичното дело е сторено додека не ја користел препишаната терапија | | | |
| - семејно насилство | | | |
| - начинот на извршување на кривичното дело вклучува сексуални или насилни дејствија | Да | | |
| - осудуван на 5 или повеќе години | Да | | Оценувачот треба да оцени дали треба анализата на ризикот да се комплетира* |
| - садистичко однесување спрема луѓе и животни | | | |

| |
|---|
| *Наведети ги причините зошто анализата не е комплетирана |

| | Да | Не |
|---|---|---|
| Врз основа на достапните информации, сегашното или претходното однесување, дали постои веројатност дека ќе стори кривично дело кое подразбира нанесување сериозни физички или психички повреди или трауми. | ☒ | ☐ |
| Дали лицето живее со деца или одржува редовен контакт со нив? | ☐ | ☒ |
| Врз основа на информациите собрани од претходните делови на оваа анкета,дали постојат причини кои би упатувале на можноста осудениот да нанесе сериозни физички или психички повреди и трауми на други лица или себеси. | ☒ | ☐ |

Ако одговорот е ДА на било кое од горенаведените прашања, анализата на ризик мора да се комплетира

* Анализата е комплетирана од причини што има одговори со "ДА", во делот кој упатува дека задолжително треба да се комплетира анализа

## АНАЛИЗА НА РИЗИЧНОТО ОДНЕСУВАЊЕ

Целта на комплетирање на оваа анализа е да се употребат сите достапни информации за да се анализира ризичното однесување за заедницата, затворскиот персонал, останатите осудени лица, други лица кои го посетуваат затворот и кон самиот себе.

7. Информациите од овој сегмент треба да се однесуваат на тоа кој е изложен на ризик, од што и во кои околности.

| |
|---|
| Што точно сторило осуденото лице во моментот на извршување на кривичното дело, на актуелното дело или при издржувањето на претходна казна или во социјалната средина што би укажувало на можноста во иднина да нанесе сериозни физички или психички повреди и трауми на други лица или на себе.<br><br>**Сторил насилни сексуални дејствија кон малолетно лице од женски пол, спротивно на нејзината волја, на начин што ја нападнал и ја силувал.** |
| Каде го направил тоа?<br><br>**Надвор од градот, ја однел по селски пат,** |
| Кога го направил тоа?<br><br>**Во ноќните часови, по напуштањето на локалот,каде што бил излезен** |
| Зошто го направил тоа?<br><br>**Осуденото лице има нарушена психичка состојба, пропратени со агресија и импулсивност.** |

| |
|---|
| Кои се оштетени/жртви (дали има место за загриженост за видот или загрозувањето на жртвата)?<br><br>**Жртва е малолетно лице од женски пол,**<br><br>**Нема опасност за жртвата, од причини што ќе престојува во затвор подолг период (9 години)** |
| Како го направил тоа?<br><br>**Против волјата на жртвата која иако пружала отпор, успеал да ја совлада на начин што физички ја нападнал и го извршил делото.** |
| Дали некој бил присутен/вмешан?<br><br>**Не** |

**8.** Предиспозициски ризици

| |
|---|
| Дали постојат значајни претходни настани во животот на сторителот на кривичното дело кои укажуваат на тоа дека би можел да нанесе штета на други или себеси, пример: насилство, злоупотреба, виктимизација?<br>Што е тоа најлошо што ова лице го сторило и во кои околности?<br><br>**Насилство врз други лица, себеповредување и други однесувања спротивни на моралните норми.** |

**9.** Ситуациони ризици

| |
|---|
| Опишете ги факторите кои се актуелни во моментот, а кои би можеле да го поттикнат ризичното однесување.<br>Наведете во кои околности таквото однесување би можело да се манифестира.<br>Дали однесувањето кое довело до извршување на кривичното дело е во пад/константно/подем?<br><br>**Во апстиненцијална криза, во состојба на фрустрација заради незадоволени потреби.**<br><br>**Однесувањето кое довело до вршење на кривично дело е константно.** |

**10.** Фактори на спречување

| |
|---|
| Опишете ги факторите, постапките, настаните кои можат да го намалат степенот на ризичното однесување.<br>Што претходно го спречило?<br><br>**Индивидуален разговор со осуденото лице, вклучување во специфична третманска програма и учење на стратегии за намалување на тензијата** |

**11.** Временска рамка

| |
|---|
| Наведете дали ќе дојде до појава на ризично однесување брзо или не.<br><br>**Да, до појава на ризично однесување ќе дојде брзо, заради нискиот праг на толеранција на фрустрација, очекувани апстиненцијални кризи, и структурата на личноста.** |

**12.** Изложеност на ризик

| |
|---|
| Дали лицето е изложено на ризик заради однесување на други или поради настани или други околности?<br><br>**Лицето е изложено на ризик од самоповредување, заради што се препорачува опсервација од страна на службените лица.** |

**ЗАКЛУЧОК**

| |
|---|
| Кој е изложен на ризик?<br><br>**На ризик е изложено осуденото лице, службените лица во установата и другите осудени лица.** |
| Каква е природата на ризикот?<br><br>**Ризик од самоповредување, ризик од повредување на други, ризик од бегство од установата** |
| Кога ќе биде ризикот најголем?<br><br>**Ризикот ќе биде најголем во ситуации кога ќе биде одбиен во неговите барања што ги упатил до службените лица, во случај на апстиненцијална криза.** |
| Кои околности би можеле да го зголемат ризикот?<br><br>**лични и семејни проблеми, апстиненцијална криза** |
| Кои фактори би можеле да го намалат ризикот?<br><br>**Разговори со осуденото лице за адаптација во установата (во тек во престојот во приемно одделение), контакти со медицинскиот персонал, вклучување во специфична третманска програма, преземање на соодветни безбедносни мерки.** |
| Коментари на оценувачот:<br><br>**Од податоците кои што се добиени во приемно одделение и од неговото однесување се очекуваат осцилации во поведението на осуденото лице во текот на издржувањето на казната затвор и не е исклучена можноста за бегство од установата.** |

# Интерпретација на можни степени на ризик и идентификување на посебни и приоритетни потреби

При проценката на секој индикатор од областите во инструментот за проценка на ризик, се добива определен број на бодови. Бодувањето на секоја област поединечно (1-10) е мошне едноставно. Индикаторите се бодираат од 0 до 3 бода, потоа се собираат за секоја област посебно и се евидентираат на крајот на секоја област. Доколку нема показатели за соодветениот индикатор истиот не мора да се поп0лни (се пополнуваат само индикаторите за кои поседуваме уверливи информации).

Добиениот збир од секоја област поеднично има соодветен пондериран бод во Шемата за оценување. Првиот ред за секоја област ја преставува бодовната скала на можни добиени бодови. Вториот ред од секоја област ја определува вредноста на бодовите која зазема одреден процент во вкупниот скор на овој инструмент.
Откако ќе се изврши бодување на секоја област, лицето кое ја врши проценката ќе го бара соодветниот пондериран бод веднш под добиениот бод. Во Шемата на оценување со заокражување се означува пондерираниот бод и се забележува во десното квадратче во делот под ОЦЕНА.
Откако ќе се означат сите пондерирани бодови од сите области, се собира нивниот збир и се забележува во делот ВКУПНО.

Добиената  вкупна оцена може да биде со вредност од 0 до 100, при што во следната табела се поделени на пет степени на можен ризик, и тоа :

**ПРОЦЕНКА НА РИЗИК ДОБИЕНА ВРЗ ОСНОВА НА ВКУПНИОТ ЗБИР НА БОДОВИ ПО ОБЛАСТИ**

| СТЕПЕН НА РИЗИК | ПРОЦЕНКА НА РИЗИК | |
|---|---|---|
| Многу низок ризик | 0 – 20 | ☐ |
| Низок ризик | 21 – 35 | ☐ |
| Среден ризик | 36 – 50 | ☐ |
| Висок ризик | 51 – 75 | ☐ |
| Многу висок ризик | 76 - 100 | ☐ |

Доколку осуденото лице се процени со вкупна оцена од 0 до 20, тоа значи дека моменталните индикатори укажуваат на многу низок ризик, односно:

- веројатноста да се јави како повторен сторител на кривично дело е многу мала;
- во целост ќе ја прифати програмата за третман и ќе соработува во нејзина реализација;
- нема ризик од бегство, повредување кон себе или други лица и
- успешно ќе се интегрира во општеството.

Доколку осуденото лице се процени со вкупна оцена од 21 до 35, тоа значи дека моменталните индикатори укажуваат на низок ризик, односно:

- веројатноста да се јави како повторен сторител на кривично дело е мала;
- во целост ќе ја прифати програмата за третман и ќе соработува во нејзина реализација;
- нема ризик од бегство, повредување кон себе или други лица и
- успешно ќе се интегрира во општеството.

Доколку осуденото лице се процени со вкупна оцена од 36 до 50, тоа значи дека моменталните индикатори укажуваат на среден ризик, односно:

- ќе се јави како повторен сторител на кривично дело;
- делумно ќе ја прифати програмата за третман и делумно ќе соработува во нејзина реализација;
- има ризик од бегство, повредување кон себе или други лица и
- ќе има потешкотии во неговото интегрирање во општеството.

Доколку осуденото лице се процени со вкупна оцена од 51 до 75, тоа значи дека моменталните индикатори укажуваат на висок ризик, односно:

- ќе се јави како повторен сторител на кривично дело;
- постои можност за неприфаќање на програмата за третман и несоработка во нејзина реализација;
- има ризик од бегство, повредување кон себе или други лица и
- потешко ќе се интегрира во општеството.

Доколку осуденото лице се процени со вкупна оцена од 76 до 100, тоа значи дека моменталните индикатори укажуваат на многу висок ризик, односно:

- ќе се јави како повторен сторител на кривично дело;
- постои можност за неприфаќање на програмата за третман и нема да соработува во нејзина реализација;
- има ризик од бегство, повредување кон себе или други лица и
- тешко ќе се интегрира во општеството.

Во случај кога ќе се констатира многу висок ризик кај осуденото лице задолжително се применува Иницијална проценка за осудено лице со многу неповолен (висок) ризик за заедницата, затворскиот персонал, останатите осудени лица, други лица кои го посетуваат затворот или за самиот себе.

## ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

Во тек на престојот во приемното одделение после проценката на индикаторите кои моментно укажуваат на можниот степен на ризик, стручниот тим ги препознава во разговор со осуденото лице посебните потреби на осуденото лице кои се различни:

- физичко здравје на осуденото лице;
- ментално здравје на осуденот лице;
- сигурност на осуденото лице во установата;
- суицидност;
- склоност кон самоповредување;
- други посебни потреби.

Идентификувањето на посебните потреби на осуденото лице, лицето што ја врши проценката ги забележува во делот од овој инструмент Посебни потреби.

## ПРИОРИТЕТНИ ПОТРЕБИ

Врз основа на проценетиот степен на ризик и проценетите посебни потреби на осуденото лице, се одредуваат три приоритетни потреби :

Приоритетна потреба А;

Приоритетна потреба Б;

Приоритетна потреба В.

Врз основа на приоритетната потреба А се поставува првата и најважна третманска цел. Оваа третманска цел е во корелација со индивидуалните потреби на осуденото лице и се очекува дека препознавањето на оваа потреба и задоволувањето на истата ќе влијае на позитивни промени врз личноста на осуденото лице. Врз онова на приоритетна потреба Б и приоритетна потреба В се одредуваат две други третмански цели.

**Забелешка:**

Во делот за забелешка од овој инструмент се запишуваат сите важни моменти и впечатоци од работата на стручниот тим со осуденото лице во тек на престојот во приемното одделение. Се очекува впечатоците запишани во овој дел да бидат важен индикатор во работата со осуденото лице во текот на натамошното издржување на казната затвор, особено во дополнителната проценка и дополнителнителниот третман.

## Прашалник за самопроценка

Прашалник за самопроцнка на осуденото лице. Со цел да се направи компарација на потребите на осуденото лице утврдени од инструментот за проценка на ризики и неговото субјективно доживување за своите потреби и проблеми ,образецот за самопроценка го пополнува осуденото лице по извршената проценка на ризик од страна на лицето кое ја врши проценката.

## Пример на случај
## начин на кој се врши проценката на ризик:

Никола е на возраст од 27 години, повеќекратен повратник кој во моментот издржува казна затвор во висина од 5 години за сторено кривично дело. ”Трговија со луѓе”. Во минатото издржувал казни затвор за различни видови на кривични дела (кражби,фалсификување на исправа) исто така, бил осудуван и како малолетник. Осудениот го сторил кривичното дело во група на начин што преземале група емигранти од српска граница и се обиделе да ги пренесат до грчката граница.

Во разгорот со осудениот се добиени следните податоци:

Потекнува од семејство кое се распаднало многу рано за време на неговото детство, завршил само пет години од основното образование, не употребува

алкохол или дрога. Уште од рана возраст се јавил со негативности во однесувањето, често влегувал во конфликтни ситуации и тепачки и изречена му е воспитна мерка. Повремено бил работно ангажиран, но не успеал да се задржи подолго време на едно работно место. Најчесто причина за напуштање на работата била расправијата и неподнесувањето на работодавците. Во моментот живее во втора вонбрачна заедница, а од првата има вонбрачно дете кое го гледа само повремено. Живее под кирија, има постојано друштво со кое го сторува последното кривично дело. Кривичнто дело го сторил со цел да стекне имотна корист која би му била помогнала да започне нов живот. Претходните казни по негово мислење не влијаеле воопшто врз неговото однесување.

На мислење е дека и во оваа казна нема потреба да се вклучи во адекватен третман. Смета дека не направил ништо лошо во ова кривично дело, не повредил никого и не оштетил никој, а истото го сторил по наговарање на другарот дека на луѓето им треба помош и смета дека неправедно е осуден.

Во иднина, па и во самата установа не планира ништо и ќе остави се да тече стихијно.

# ИНСТРУМЕНТ ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИК И ПОТРЕБИ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

**Регистерски број_____XXX__________**

| | |
|---|---|
| **Име и презиме на осуденото лице** | Никола Петровски |
| **Дата на раѓање** | 25.08.1979 година |
| **Кривично дело** | Трговија со луѓе |
| **Висина на казна** | 5 години |
| **Датум на проценка** | 21.05.2011 година |
| **Проценител** | XXX |

**Извори на информации**

| | |
|---|---|
| ☒ разговор | ☐ медицински |
| ☐ прашалник за самопроценка | ☐ психолошки |
| ☒ затворско досие | ☐ психијатриски |
| ☐ семејство | ☐ полиција |
| ☐ социјални служби | ☐ друго_______ |

## I. КРИМИНАЛНИ ТРЕНДОВИ

| **ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ** | **БОД** | **НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ** | **БОД** |
|---|---|---|---|
| ☐ единствен престап без прекумерна употреба на сила | 0 | ☐ суров чин со прекумерна сила | 2 |
| | | ☐ бројни особено насилни кривични дела, особено сурови акции со прекумерна употреба на сила | 3 |
| ☐ високо специфични односи жртва-сторител | 1 | ☒ жртви случајно избрани | 2 |
| | | ☒ кривично дело со висока веројатност за повторување | 3 |
| | | ☒ има веројатност да се повтори криминогената ситуација | 3 |
| ☒ соучество и влијание на групата | 1 | | |
| ☐ криминал како израз на фази во животот-промени, еден значаен судбоносен(фатален) конфликт или значајна моментна ситуација | 1 | ☒ криминал како вкоренет начин на однесување, видлив по биографијата и потекло на асоцијално милје со ран почеток на деликвенција | 3 |
| | | ☒ серија од кривични дела во историјата | 2 |
| ☐ кривичното дело е поврзано со употреба на дрога/алкохол, но без зависност | 1 | ☐ кривичното дело е поврзано со зависност од дрога/алкохол | 3 |
| | | ☐ отповикување и неупех на условна осуда | 2 |
| други | | други | |

**ВКУПНО________14 бодови_________**

## II. МЕНТАЛНИ РАСТРОЈСТВА НА ЛИЧНОСТА

| **ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ** | **БОД** | **НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ** | **БОД** |
|---|---|---|---|
| ☐ привремено краткотрајно ментално растројство, брз пад на симптомите | 1 | ☐ психијатриски симптоми поврзани со деликвенција како што се: лични заблуди, растроено размислување, нарушување на афектот | 3 |
| ☐ ментално растројство незабележливо во развојот на личноста | 0 | ☒ нарушувања уште од детството или адолесценцијата, потоечки нарушувања во однесувањето, асоцијални карактеристики, нестабилност, подпросечна интелектуална способност (референци: висока, ниска толеранција на фрустрација, агресија, ниско самопочитување, импулсивност, инстант апсење) | 3 |
| | | ☒ криминогени погледи и ставови | 3 |
| | | ☐ хронични варијации на сексуално однесување | 3 |
| ☐ привремено влијание на алкохол, дрога или таблети без зависност | 1 | ☐ висок потенцијал за криминално однесување како последица на зависност (алкохол, дрога или таблети) | 3 |
| ☒ незабележлива тест психологија (нормален профил) | 0 | ☐ абнормална тест психологија | 3 |
| ☐ тест психологија – постојана еволуција кон нормализација | 1 | ☐ тест психологија – нема тенденција кон позитивен развој на настаните | 2 |
| други | | други | |

**ВКУПНО_______6 бодови_______**

## III. РАЗБИРАЊЕ НА БОЛЕСТА ИЛИ РАСТРОЈСТВОТО

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ го прифаќа растројството или отстапувањето во неговото однесување | 0 | ☐ негира дека е душевно растроен или го негира девијантнииот чин | 2 |
| ☐ отворен | 1 | ☒ се обидува да измами и минимизира | 3 |
| други | | други | |

**ВКУПНО______3 бодови______**

## IV. ОДРЕДЕНИ КОНФЛИКТНИ ОДНЕСУВАЊА

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ чинот е произлезем од специфична конфликтна ситуација | 1 | ☐ осуденото лице повторно во слични ситуации на конфликт реагира на стереотипен начин со однесување | 3 |
| ☐ има потенцијал (висок праг на толеранција на фрустрација) за надминување на други конфликти | 0 | ☒ низок праг на толеранција на фрустрација, импулсивност | 3 |
| други | | други | |

**ВКУПНО________3 бодови________**

## V. СОЦИЈАЛНИ ВЕШТИНИ

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ добри социјални перфоманси во сите области (стабилна работа, добри односи со семејството, средницата и др) | 0 | ☒ значајни оштетувања во професионални и социјални перфоманси | 3 |
| ☐ заинтересиран и вклучен во широк спектар на активности, структурирани слободни активности | 0 | ☐ искривена перцепција на социјална реалност, нереални очекувања | 3 |
| ☒ генерално е задоволен од животот | 1 | ☒ неможност да се прилагоди на промени (променливи состојби) | 2 |
| ☐ емпатија и толеранција | 1 | ☐ оштетени комуникациски вештини | 2 |
| ☐ непроменето семејство и партнерство | 0 | ☒ социјално распаѓање на партнерство, семејство, пријатели итн. | 2 |
| ☐ стабилни пријателства | 0 | ☐ досега нема стабилни партнерства | 1 - 2 |
| | | ☒ низок степен на издржливост | 2 |
| | | ☒ криминоген начин на живот, вршење на кривични дела | 3 |
| други | | други | |

**ВКУПНО_________13 бодови________**

## VI. КРИМИНАЛНА ИСТОРИЈА

| **ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ** | **БОД** | **НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ** | **БОД** |
|---|---|---|---|
| ☐ нема повеќе криминални дејствија иако во надворешни услови постои можност | 0 | ☒ повеќе слични или повеќе сериозни криминални дејствија | 3 |
| ☐ зреење и заздравување (средување, закрепнување) на личноста | 0 | ☒ нема очигледна промена во однесувањето | 3 |
| ☐ зголемена толеранција на фрустрација и издржливост | 0 | ☐ отфрлува терапевтски услуги (каде терапијата е препорачана) | 3 |
| ☒ добра приспособливост и задоволителни социјални контакти во институцијата | 0 | ☐ чести конфликти во институцијата | 3 |
| ☒ отсуство на компликации по ослободување од притвор | 0 | ☐ има оштетување од долгата институционализација | 2 |
| ☐ учење на нови стратегии за решавање на проблемите | 0 | ☒ нема напредок во учење на нови стратегии за решавање на проблеми | 3 |
| други | | други | |

**ВКУПНО______9 бодови______**

# VII. СООЧУВАЊЕ СО ФАКТОТ

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ осуденото лице е подготвено навистина да се соочи со линот и да го надмине, особено во врска со анализа и дизајн на прекршување на стандардите, препознатливо е жалење и каење | 0 | ☒ негирање на законски основаната вина или минимизирање на фактот, нема каење | 3 |
| ☐ решавање на состојбата на жртвите кои бараат надомест на штета и враќање на имотот | 0 | ☒ проекција на сопственото недолично однесување на жртвата или на трета страна – на општетсвото, други околности | 3 |
| други | | други | |

**ВКУПНО_______6 бодови_________**

## VIII. ОПЦИИ ЗА ТРЕТМАН

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ за посоечките пречки постои добро познат ефективен третман | 0 | ☒ постоечките пречки не може ефикасно да се третираат | **1** - 2 |
| ☐ установата обезбедува потребен пристап во лекувањето и потребна безбедност, подготвен е да се вклучи | 0 | ☐ институцијата која би можела да го третира осуденото лице не е на располагање | 3 |
| други | | други | |

**ВКУПНО_________1 бод________**

## IX. ПОДГОТВЕНОСТ ЗА ТРЕТМАНОТ

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ отворен е, има доверба во односот со службените лица за третман | 0 | ☒ нема подготвеност сериозно да се соочи со својата вина | 3 |
| ☐ активно извршување на третман опцијата, дури и кога има голем ризик од несакани ефекти | 0 | ☐ отфрла секаков третман, остро се спротиставува, само навидум е на терапија | 3 |
| други | | други | |

**ВКУПНО______3 бодови________**

## X. ПОДГОТОВКА ЗА ОТПУСТ

| ПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД | НЕПОВОЛНИ ИНДИКАТОРИ | БОД |
|---|---|---|---|
| ☐ вклучување во семејството, партнерство, одржливи контакти со терапевт | 0 | ☒ недостаток на социјални контакти и врски, патогени социјални односи и семејство | 3 |
| ☐ сигурен приход, домување и др. | 0 | ☒ без дом, без работа, недозволена работа, нема финансиска сигурност | 3 |
| ☐ реално идно планирање со разумни очекувања | 0 | ☒ никакви конкретни реални планови | 3 |
| | | ☒ враќање накриминогеното милје, чести контакти (тенденција кон конфликтни односи, дрога, проституција и др.) | 3 |
| ☐ добра самоконтрола | 0 | ☐ недостаток на самоконтрола | 2 |
| ☐ тежок пристап до жртвите | 0 | ☐ полесен пристап до жртвите | 3 |
| ☐ прифаќање поддршка | 0 | ☒ отфрлање на поддршка, без соработка | 3 |
| други | | други | |

**ВКУПНО_________15 бодови__________**

# ШЕМА НА ОЦЕНУВАЊЕ

| ОБЛАСТИ | БОДОВНА СКАЛА | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | ОЦЕНА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Криминални трендови | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | | | |
| | 0 | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 5 | 6 | 6 | 7 | 8 | 8 | 9 | 10 | 10 | 11 | 12 | 12 | 13 | 14 | 14 | 15 | | | 9 |
| Ментални растројства на личноста | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | | | | | | |
| | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 5 | 6 | 7 | 8 | 8 | 9 | 10 | 11 | 11 | 12 | 13 | 13 | 14 | 15 | | | | | | 5 |
| Разбирање на болеста или растројството | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 3 |
| Одредени конфликтни однесувања | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | 2 | 3 | 5 | 7 | 9 | 10 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 5 |
| Социјални вештини | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | | | | | | | |
| | 1 | 2 | 2 | 3 | 4 | 5 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 9 | 10 | 11 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | | | | | | | 10 |
| Криминална историја | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | | | | | | | | | |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | | | | | | | | | 8 |
| Соочување со фактот | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | 1 | 2 | 2 | 3 | 4 | 5 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 5 |
| Опции за третман | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 |
| Подготвеност за третманот | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | 1 | 3 | 5 | 7 | 8 | 10 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 5 |
| Подготовка за отпуст | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | | | | | | |
| | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 | 4 | 4 | 4 | 4 | 5 | 5 | 5 | | | | | | 4 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | ВКУПНО | 55 |

**ПРОЦЕНКА НА РИЗИК ДОБИЕНА ВРЗ ОСНОВА НА ВКУПНИОТ ЗБИР НА БОДОВИ ПО ОБЛАСТИ**

| СТЕПЕН НА РИЗИК | ПРОЦЕНКА НА РИЗИК | |
|---|---|---|
| Многу низок ризик | 0 – 20 | ☐ |
| Низок ризик | 21 – 35 | ☐ |
| Среден ризик | 36 – 50 | ☐ |
| Висок ризик | 51 – 75 | ☒ |
| Многу висок ризик | 76 - 100 | ☐ |

## ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

☐ физичко здравје

☐ ментално здравје

☒ сигурност (безбедност)

☐ суицидност

☐ склоност кон самоповредување

☐ друго_______________________

## ПРИОРИТЕТНИ ПОТРЕБИ

**А)**___ Образовен процес___________________

**Б)**____Стекнување на занимање____________

**В)**____Развивање на социјални вештини_____

**Забелешка:**

Осуденото лице е проценето со висок степен на ризик од рецидивизам.

Неопходна е работа со осуденото лице на планот на мотивирање за воочување на проблемот и активно вклучување во определниот третман за задоволување на неговите потреби.